	СИ	641.00	335.16	27.07	12.84	1.12	33.26	137.58	12.96	44.62	1.42	27.98	4.54	0.00	2.41
	СЗ	542.58	189.78	2.88	9.25	125.59	11.35	69.50	0.00	5.59	0.00	43.91	0.68	0.00	84.04
	Вкупно:	2292.28	869.98	39.21	100.29	425.57	94.67	251.15	19.38	85.05	31.52	156.67	10.44	6.66	201.67
	Процент:	**100.00%**	**37.95%**	**1.71%**	**4.38%**	**18.57%**	**4.13%**	**10.96%**	**0.85%**	**3.71%**	**1.37%**	**6.83%**	**0.46%**	**0.29%**	**8.80%**

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. ВИД НА ПЛАН, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, ПЛАНСКИ ПЕРИОД, ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ОПШТИНА НА КОЈА ПРИПАЃА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

1.1 ВОВЕД

Задачата за изработка на ГУП Штип е добиена по престанокот на постоење на ЈП Штип Проект кое го има отпочнато изработувањето наГУП Штип.

Изминатото време, во кое континуирано се одвива процесот на транзиција, носи крупни економски промени кои генерираат структурни промени во развојните планови на градот. Динамиката на овој процес има свои импликации врз создавање нови просторни односи и ја условува потребата од планска артикулација на просторот на Градот.

Промената на просторните констелации нужно налага евалуација на процесот на урбанизација, територијалниот и морфолошки развој на Градот, преиспитување на урбаните процеси, просторна консолидација и воспоставување конзистентен урбан модел.

Предмет на договорот е изработка на **Генерален урбанистички план за ГРАД ШТИП 2014-2024, Општина Штип**.

Генерален урбанистички план е стратешки развоен план со општи

елементи на просторниот развој и воедно основен документ за насочување и артикулација на функционалниот, содржинскиот, капацитативниот и обликовниот израз на Градот.

Основни причини заради кои се пристапува кон изготвување на нов

Генерален урбанистички план на Град Штип се:

- планско усогласување на основниот документ за просторниот развој на Градот со промените во просторната матрица настанати во периодот после донесувањето на претходниот ГУП на Град Штип (1999год.);
- преиспитување на актуелните развојни потреби на Градот и вградување на современи урбанистички и планерски принципи;

Планската документација е изработена во согласност со Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16). Согласно Член 7 и Член 10 пристапено е кон изработка на Генерален урбанистички план.

1.2 ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ *ОПФАТ СО ОПИС НА НЕГОВИТЕ ГРАНИЦИ И ПОВРШИНА*

Почетната точка на опфатот на урбаното подрачје на гр. Штип се наоѓа на пресекот на патиштата Струмица-Кочани (обиколен пат покрај Штип) и стариот пат Штип-Велес, железничкиот патен правец Велес-Штип и тоа по осовината на патот. Понатаму оди на североисток по осовината на железничката пруга Велес-Кочани до

долниот ќош на КПбр.140, движејќи се на север по катастарската граница помеѓу КО Три Чешми и КО Штип се до северното ќоше на КПбр 1061/1 (КПбр.од катастарска подлога 2500), па се спушта на југозапад по границата на КПбр.1061/1 (КПбр. од катастарска подлога 2500) до границата со КПбр.7/1 (катастарска подлога 2500), па се движи на северозапад по границата на КПбр.7/1 (КПбр.од катастарска подлога 2500),свртува кон североисток по КПбр.7/1, КПбр.1039/1, и доаѓа до КПбр.1062/1.Овде границата на опфатот на урбаното подрачје на гр.Штип ја заобиколува КПбр.1039/2 и КПбр.1063/2 по обиколниот пат се до северната граница помеѓу КПбр.137(нов КП број),и КПбр.139(трафостаница) (нов КП број), се спушта на југ по КПбр.139 и по северозападната граница на КПбр.138 (нов КП број), се до осовината на железничката пруга Велес-Кочани. Овде поминува по осовината на железничката пруга се до сезерозападниот ќош на КПбр.2216 (нов КП број). Потоа се движи по северната граница на истата парцела , доаѓа до патот Штип - Кочани (А-58)М5 движејќи се по неговата осовина се до северниот ќош на КПбр.2241(колски пат). Границата оди се по колскиот пат со КПбр.2241(нов КП број), се до границата со колските патишта КПбр.2232 и КПбр.1159 (катастарска граница со КО Чардаклија). Се движи на југоисток по КПбр. 1159(нов КП број), се до КП бр.291(нов КП број), (колси пат)се движи по него покрај КПбр. 95 (нов КП број), вртејќи на југ се до северозападниот ќош на КПбр. 1131,свртува на југ по западната страна на КПбр.1131 и КПбр.1125 и стигнува до осовината на реката Брегалница.Се движи по осовината на река Брегалница спротивно од течението на реката до североисточниот ќош на КП бр.1415/1 па свртува на југ по источната граница на КПбр.1415/1, КПбр.1416, КПбр.1428, КПбр.1431/1 (се нови КП броеви), доаѓајќи до Патот Штип-Плачковица(601) . Овде го сече патот и продолжува на југ по источната граница на КПбр.1461/1, северната граница на КПбр.1443, КПбр,1444 ,КПбр.1460, КПбр.1435, КПбр.1432 ја заобиколува ,КПбр.1434 (се нови КП броеви). Доаѓа до источната граница на КПбр.1433 , КПбр.1439 (нови КП броеви) во м.в.",Бабите",па се движи по североисточната граница на КПбр.2001(нов КП број).Од овде границата на опфатот продолжува по североистчочната граница на КПбр.1954 (нов КП број),во м.в."БАБИ",врти на југ по источната граница на КПбр.2129/1 па до југоисточното ќоше на КПбр.2131 до пат со КПбр.2136 (се нови КП броеви).одовде се движи по осовината на патот со КПбр.2136 (нов КП број), се до североисточниот ќош на КПбр.2138 (нов КП број),па свртува на југ по границата на истата парцела се до патот за филтер станица Баби со КПбр.2140. Овде го сече патот продолжувајќи на југ по источната страна на КПбр.2145, КПбр,2151, КПбр,2307, КПбр.2316, КПбр.2133 (се нови КП броеви), свртувајќи на југ по источната страна на КПбр.2317, КПбр2318, КПбр.2319 (се нови КП броеви), во м.в."Дузлак". Продолжува на југ по источната граница на КПбр.2134 (нов КП број), па движејќи се по долот со КПбр.2688 (нов КП број). Од југоисточниот ќош на КПбр.2688 границата на опфатот продолжува кон југ сечејќи го долот со КПбр.822 (КПбр.одкатастарски подлоги 2500) за да стаса по долот до јужната граница на КПбр.539 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) одејќи по неа за пак да продолжи по долот КПбр.822 (КПбр.одкатастарски подлоги 2500). Доаѓа до КПбр.540 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) се движи по нејзината јужна граница се до јужната граница на КПбр.542 (КПбр.од катастарски подлоги 2500)-колско патче , продолжувајќи по долот над манастир",Св Недела"во м.в. "Мирјанина црквава". Ја заобиколува црквата со КПбр.3381 (нов КП број) до спојот со КПбр.3382 (нов КП број), ја заобиколува оваа КП по нејзината источна страна и стигнува до стариот пат Штип-Радање со КП бр.3410 (нов КП број). Продолжува кон запад се до југозападниот ќош на КПбр.3402 (нов КП број), па свртува на југоисток по источната граница на КПбр.754, КП бр.755 и двете (КПбр.од катастарски подлоги 2500) стигнувајќи до патот со КПбр758 (КПбр.од катастарски подлоги 2500). Границата на опфатот продолжува на запад по патот се до северозападниот ќош на КПбр.781(КПбр.од катастарски подлоги 2500), па се движи на запад сечејќи го ридот со КПбр.783 во м.в."Базлк" (Св.недела) постепено спуштајќи се кон

југ се до северниот ќош на патот за резервоарот со КПбр.5522 (нов КП број) во м.в. "Левациte". Продолжува на исток по југоисточната граница на КПбр.783 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) во м.в ".Црвени Брегишта" и сечејќи го долот со КПбр.781 стигнува до границата помеѓу КПбр.2294 и КПбр,2295 и двете (КПбр.од катастарски подлоги 2500),па оди по источната граница на КПбр.2292 до водотекот со КПбр.2298(и двете КПбр.од катастарски подлоги 2500),во м.в."Калдрма". Границата на планскиот опфат продолжува по водотекот се до спојот на најсеверниот ќош на КПбр.2257 и КПбр.2305 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) продолжувајќи на исток по јужната граница на КПбр.2305 и КП.бр.2306 (КПбр.од катастарски подлоги 2500). Се искачува према север по западната граница на КПбр.2307, ја заобиколува истата се до пресекот на патот со КПбр.4666 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) во м.в. Калдрма. Од овде се движи на североисток по патот се до границата помеѓу КПбр.2255, КПбр.2542 и КП бр 4666 (сите КПбр.од катастарски подлоги 2500) па свртува на југ одејќи по КПбр.2255 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) по нејзината источна граница. Продолжува по источната граница на КПбр.2543 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) па свртува на исток по северната граница на КПбр.2548 ,КПбр.2553, КПбр.2554 (сите КПбр.од катастарски подлоги 2500) вртејќи на југ по истата граница до КПбр.2559 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) и доаѓа до долот со КПбр.4609(КПбр.од катастарски подлоги 2500)во м.в." Отиња". Го сече долот вртејќи на исток по северната граница па на југ по источната граница на КПбр.2706 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) се до пат со КПбр.4468 (КПбр.од катастарски подлоги 2500). Се движи на исток по патот се до североисточниот ќош на КПбр.2604 (КПбр.од катастарски подлоги 2500). Од овде се спушта на југ по КПбр.2604, КПбр.2603, КПбр.2738, КПбр.2739, (сите КПбр.од катастарски подлоги 2500) па свртува на југ по истата граница се до КПбр.2740 (КПбр.од катастарски подлоги 2500).Границата на опфатот продолжува на југ по источната граница на КПбр.2746, КПбр.2745 (двете КПбр.од катастарски подлоги 2500) свртувајќи на запад по јужната граница на КПбр.2745(КПбр.од катастарски подлоги 2500) се до река ОТИЊА. Ја сече реката под прав агол и стигнува до североисточниот ќош на КПбр.2670 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) заобиколувајќи ја по северната граница, доаѓа до југозападниот ќош на КПбр.2669 (КПбр.од катастарски подлоги 2500). Продолжува на запад по источната и јужната граница на КПбр. 2666 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) и јужната граница на КПбр.2667.Од овде свртува на југ по источната граница на КПбр.3011, КПбр.3012, КПбр.3018 (сите КПбр.од катастарски подлоги 2500), па свртува на југозапад по јужната граница на КПбр.3018 , КПбр.3020, КПбр,3026 ја сече КПбр.3025 стигнувајќи до стариот пат за Липов Дол со КПбр.4671 (сите КПбр.од катастарски подлоги 2500)во м.в."Ајнато". Го сече патот продолжувајќи на југозапад по јужната граница на КПбр.3057,КПбр.3055,КПбр,3056,источната граница на КПбр.3066,КПбр.3069, на југ по границата на КПбр. 3069 се до југоисточниот ќош на КПбр.3075 (сите КПбр.од катастарски подлоги 2500). Овде свртува на запад по јужната граница на КПбр.3075,источната граница на КПбр.3076, КПбр.2183 (сите КПбр.од катастарски подлоги 2500) во м.в." Орта Колиба" ја заобиколува оваа парцела и продолжува по источната граница на КПбр.3515, КПбр.3517, КПбр.3516 (сите КПбр.од катастарски подлоги 2500). Свртува на западната страна по јужната граница на КПбр.3518,КПбр.3519,КПбр.3524/2 (сите КПбр.од катастарски подлоги 2500)во м.в".Каваклија", свртувајќи на запад по КПбр.3523, КПбр.3522/1 (КПбр.од катастарски подлоги 2500). Стигнува до стариот пат за Струмина Чешма со КПбр.4664 (КПбр.од катастарски подлоги 2500), се движи на север по патот се до северниот ќош на КПбр.3578/1 (КПбр.од катастарски подлоги 2500). Од овде границата на опфатот свртува на југ по КПбр. 3578/1, КПбр.3579/1 (КПбр.од катастарски подлоги 2500),па се движи на северозапад по КПбр.3679/2, КПбр.3580, КПбр.3583 , КПбр2112, КПбр.2111, КПбр.2110, КПбр.2089 (сите КПбр.од катастарски подлоги 2500) м.в.Каваклиски рид.

Границата на планскиот опфат на уребаното подрачје на град Штип свртува на југ по источната граница на КПбр.2088, КПбр.2085/2, КПбр.2084, КПбр.2085/1, КПбр.2083, КПбр.2081 (сите КПбр.од катастарски подлоги 2500), ја сече КПбр.2071 ,го сече патот со КПбр.2079 (КПбр.од катастарски подлоги 2500)во м.в."Шардаван Баши" , ја сече КПбр.2073 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) и стигнува до стариот пат за с.Љуботен со КПбр.4662 (КПбр.од катастарски подлоги 2500). Овде го сече долот и доаѓа до долот со КПбр.3656,го сече и стигнува до северозападниот ќош на КПбр.3672 (КПбр.од катастарски подлоги 2500). Границата на планскиот опфат свртува на југ по западната граница на КПбр.3672, КПбр.3674, КПбр.3673, (сите КПбр.од катастарски подлоги 2500) ја заобиколува северната граница на КПбр.3675 и движејќи се на југ го сече долот со КПбр.3687 (КПбр.од катастарски подлоги 2500), од овде свртува на север се до југоисточниот ќош на КПбр.3711 (КПбр.од катастарски подлоги 2500).Ја заобиколува оваа КП вртејќи на север минејќи по КПбр.3712 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) и доаѓа до северозападниот ќош на оваа КП.каде што го сече долот со КПбр.3705 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) по неговиот тек во м.в."Кадидаре".Од овде се движи на североисток по границата на КПбр. 2002 (КПбр.од катастарски подлоги 2500),врти на северозапад по западната граница на КПбр.1056 (нов КП број) па по јужната граница на КПбр.1051 (нов број), КПбр.10491 (нов број). Од КПбр.10491 свртува на југ по источните граници на КПбр.10558, КПбр.10559, КПбр.1065, КПбр.10566, КПбр.10567 (се нови КПброеви). Границата на опфатот се движи на запад по јужната граница на КПбр.10569(нов КП број), па свртува на северозапад по јужната граница на КПбр. 10564(нов КП број),движејќи се на југ по долчето со КПбр.10575/4 (нов КП број) се до јужната граница на КПбр.10578 (нов КП број). Од овде свртува на северозапад по осовината на патчето со КПбр.10646 (нов КП број),се до спојот на патчето со границата на КПбр.10643 (нов КП број). Потоа свртува на југ по истата парцела ја заобиколува нејзината јужна граница, па ја пресекува КПбр.10645/1 (нов КП број) во м.в."Кумлак" доаѓајќи до патчето до КПбр.10635 (нов КП број). Се движи на север по него се до спојот на КПбр.10635 и КПбр.10617(нов КП број).Продолжува на север по западната граница на КПбр.10617 (нов КП број), КПбр.1990 (КПбр.од катастарски подлоги 2500),КПбр.1989 (КПбр.од катастарски подлоги 2500), го сече ридот на КПбр.9232/1 (нов КП број), Одејќи на север се до западниот ќош на КПбр. 9546 (нов КП број), во м.в."Хисар" ,па врти на запад се по ридот во близина на објектите нас.Ново Село во м.в. "Клисура" се до југоисточниот ќош на КПбр.9230 (нов КП број). Ја сече оваа парцела м.в. "Клисура"и се спушта до патот НовоСело-Бања Кежовица со КПбр.9085/1 (нов КП број), се движи по него се до близината на КПбр.9171 (нов КП број).Одовде се спушта на југ ,искачувајќи се по ридот со КПбр.10649 и КПбр.9232/1 (нови КП број),во м.в. "Еврејски Гробишта" се до североисточниот ќош на КПбр.10668 (нов КП број) .Границата продолжува на исток по северната граница на КПбр.10650 (нов КП број), па свртува на југ по источната граница на КПбр.10650, КПбр.10669 ,КПбр.10670, КПбр.10673, КПбр.10674 (се нови КП број), стигнувајќи до долчето со КПбр.10671 (нов КП број). Од долчето во м.в." Клонкова Сеница" свртува на исток по северната граница на КПбр.501 (КПбр.од катастарски подлоги 2500),па на југ по источната и јужната граница на КПбр.502 (КПбр.од катастарски подлоги 2500), источната граница на КПбр.10875 (нов КП број),па свртува на југ по долот со КПбр.10678(нов КП број),се до северниот ќош на КПбр.10876 (нов КП број). Од овде свртува по источната граница на КПбр.10880 (нов КП број), се до границата со КПбр.10893 (нов КП број) м.в"Клонкова Сеница".

Од КПбр.10893 свртува по јужната граница на КПбр.10893, КПбр.10897, КПбр.10900, КПбр.10899 (се нови КП броеви).Па границата на планскиот опфат свртува на северозапад по долот со КПбр.10963 и КПбр.10930 (нови КП броеви),по неговото течение,сечејќи го патот со КПбр.10919 (нов КП број), вртејќи на северозапад по јужната

граница на КПбр.10913 (нов КП број),се до пресекот со патчето со КПбр. 10839/1 (нов КП број),во м.в. "Чеперганова Црква".Од овде границата свртува на југ се по патот со КПбр.10839/1(нов КП број), до јужниот ќош на КПбр.10873 (нов КП број), се движи по јужната граница на оваа парцела и на парцелата со КПбр.11010 (нов КП број),се до патчето со КПбр.11077 (нов КП број)во м.в." Плуждино".Потоа се движи по него качувајќи се на север се до КПбр.10830 (нов КП број),па свртува на југ по колскиот пат со КПбр.10793/1 (нов КП број). Границата на планскиот опфат продолжува да се движи по колскиот пат се до најјужното ќоше на КПбр.11076 (нов КП број), продолжувајќи на југ по источните граници на КПбр.359, КПбр.356, КПбр.355, КПбр.354, КПбр.1099, КПбр.1120 (сите КПбр.од катастарски подлоги 2500)стигнувајќи до тромеѓието на КПбр.1120,КПбр.1103 и КПбр.1113/2 (сите КПбр.од катастарски подлоги 2500).Од овде свртува на запад по средината на долчето со КПбр.1119 (КПбр.од катастарски подлоги 2500), во м.в." Шамов Дол" се до Регионалниот пат М-526 Штип-Радовиш. По патот свртува во правец на север се до југоисточното ќоше на КПбр.341 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) во м.в. "Рибнички Чешми".Од парцелата со КПбр.341 свртува на десната страна од патот по јужната граница на КПбр. 341, КПбр.338 и КПбр.337(сите КПбр.од катастарски подлоги 2500), стигнувајќи до средината на течението на река Брегалница. Границата на планскиот опфат продолжува да се движи на север по средината а спротивно од течението на река Брегалница, се до м.в.'Калимерово", каде што свртува на запад по северната граница на КПбр336 (КПбр.од катастарски подлоги 2500), и сечејќи ја КПбр.327 (КПбр.од катастарски подлоги 2500), стигнува до асфалтираниот патот за новата депонија бо м.в. "Калимерово".Се движи по тој патот на север се до долот со КПбр.10720 (нов КП број), продолжува по долот се до пропустот на регионалниот пат М-526. Границата на опфатот од пропустот свртува на север и продолжува да се движи по осовината на регионалниот пат М-526 се до почетната точка на опфатот на урбаното подрачје на гр.Штип.

Големината на опфатот на вака опишаните граници изнесува 2292.28 ха.

Границата на **Генералниот Урбанистички план за ГРАД ШТИП 2014-2024 , Општина ШТИП** е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од 1 до 636, согласно Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени заверен со бр. 1110-13 од 06.03 2013 година

ПРЕКРШНА ТОЧКА	КООРДИНАТА1	КООРДИНАТА2			
Точка 1	601327.9085	624011.7456	Точка 12	601230.9200	624358.4743
Точка 2	601296.9832	624047.5098	Точка 13	601227.1605	624376.9282
Точка 3	601293.3430	624089.5359	Точка 14	601222.5519	624399.5493
Точка 4	601280.1016	624096.1540	Точка 15	601200.0225	624431.5930
Точка 5	601281.7575	624108.3986	Точка 16	601166.7297	624480.3165
Точка 6	601253.6243	624128.9145	Точка 17	601155.4010	624464.6872
Точка 7	601228.8858	624146.3728	Точка 18	601143.7212	624460.9391
Точка 8	601229.0999	624173.0778	Точка 19	601134.8533	624462.3155
Точка 9	601228.8487	624209.4701	Точка 20	601099.7886	624467.7578
Точка 10	601228.3862	624292.9742	Точка 21	601078.4777	624478.4080
Точка 11	601214.8306	624331.1737	Точка 22	601071.9689	624482.7374
			Точка 23	601057.1022	624492.1553

Точка 24	601049.8300	624497.4980	Точка 64	600028.0953	625767.7633
Точка 25	601040.1363	624502.9722	Точка 65	599994.4272	625866.1277
Точка 26	601055.5650	624522.7858	Точка 66	599975.4470	625899.2210
Точка 27	601103.0433	624578.7884	Точка 67	599694.7067	625809.9426
Точка 28	601109.8296	624623.6235	Точка 68	599678.7594	625841.1960
Точка 29	601126.0300	624816.3656	Точка 69	599640.3258	625961.5997
Точка 30	601132.6696	624828.9024	Точка 70	599668.5981	625998.0253
Точка 31	601094.2299	624866.6119	Точка 71	599686.6642	626020.5862
Точка 32	601059.7358	624876.7964	Точка 72	599712.7514	626048.5562
Точка 33	601020.5167	624880.7466	Точка 73	599714.5197	626059.1647
Точка 34	600982.8650	624907.5389	Точка 74	599703.6987	626074.1419
Точка 35	600913.3173	624918.5187	Точка 75	599687.5457	626086.7825
Точка 36	600828.9644	624980.6558	Точка 76	599681.5523	626098.7630
Точка 37	600777.9925	625012.5408	Точка 77	599674.4825	626137.1223
Точка 38	600750.9616	625099.1820	Точка 78	599591.5797	626233.6907
Точка 39	600710.9642	625103.3357	Точка 79	599515.8480	626330.8558
Точка 40	600678.3320	625155.3444	Точка 80	599472.6436	626411.3564
Точка 41	600676.5905	625188.9963	Точка 81	599397.9657	626440.7561
Точка 42	600661.6658	625211.8965	Точка 82	599358.9781	626468.7531
Точка 43	600667.9426	625227.0578	Точка 83	599312.3296	626496.5914
Точка 44	600665.8503	625246.9244	Точка 84	599243.3164	626522.9662
Точка 45	600656.9581	625260.5173	Точка 85	599224.5337	626545.6044
Точка 46	600704.7283	625324.3453	Точка 86	599218.1867	626525.9029
Точка 47	600700.7381	625336.3099	Точка 87	599198.7802	626521.5912
Точка 48	600677.4618	625332.3217	Точка 88	599121.1817	626531.3302
Точка 49	600579.0363	625261.8635	Точка 89	599087.1345	626535.5931
Точка 50	600511.8675	625253.8872	Точка 90	599063.3766	626542.3352
Точка 51	600469.9702	625279.1457	Точка 91	599040.6944	626557.7083
Точка 52	600433.3931	625279.8104	Точка 92	599021.9301	626561.7416
Точка 53	600388.8356	625316.3689	Точка 93	599006.2350	626570.5943
Точка 54	600362.8991	625315.7042	Точка 94	598987.3571	626594.3848
Точка 55	600308.3661	625395.4682	Точка 95	598969.0941	626609.2580
Точка 56	600301.8401	625425.8301	Точка 96	598944.3956	626644.4583
Точка 57	600280.3847	625454.9873	Точка 97	598939.1358	626661.3727
Точка 58	600278.9404	625456.4010	Точка 98	598928.6161	626667.0871
Точка 59	600237.6334	625496.8359	Точка 99	598898.5469	626610.0433
Точка 60	600163.0518	625555.1926	Точка 100	598889.1874	626612.0481
Точка 61	600112.6972	625646.1019	Точка 101	598725.5042	626602.9150
Точка 62	600084.2088	625660.7703	Точка 102	598656.0637	626545.9330
Точка 63	600059.1735	625728.9352	Точка 103	598608.0073	626528.0903

Точка 104	598561.7303	626513.6652	Точка 144	597555.2948	625702.1414
Точка 105	598499.6108	626495.4448	Точка 145	597460.4606	625633.4742
Точка 106	598430.5641	626472.8366	Точка 146	597424.4124	625600.9012
Точка 107	598405.7181	626459.0989	Точка 147	597385.4925	625566.9960
Точка 108	598359.1979	626426.3400	Точка 148	597308.8001	625492.3205
Точка 109	598324.0434	626391.9959	Точка 149	597289.2120	625473.2476
Точка 110	598293.3824	626346.8202	Точка 150	597263.3284	625440.3899
Точка 111	598274.6667	626305.9855	Точка 151	597231.0691	625399.4388
Точка 112	598257.6386	626257.2221	Точка 152	597166.8141	625307.3851
Точка 113	598196.4227	626293.2820	Точка 153	597105.4748	625209.0229
Точка 114	598082.9883	626358.0574	Точка 154	597060.9739	625124.3572
Точка 115	598108.1695	626401.4763	Точка 155	597053.5475	625108.1977
Точка 116	597942.4467	626498.9487	Точка 156	597044.9002	625089.3816
Точка 117	597877.3154	626392.0956	Точка 157	597031.6390	625049.6708
Точка 118	597814.0163	626285.3715	Точка 158	596994.4386	624945.1349
Точка 119	598009.0479	626171.2515	Точка 159	596967.2693	624853.6008
Точка 120	598033.8985	626209.2565	Точка 160	596942.6565	624764.6459
Точка 121	598035.4874	626213.9400	Точка 161	596921.0627	624628.7222
Точка 122	598055.6539	626192.6067	Точка 162	596904.7839	624504.4601
Точка 123	598070.9788	626165.3213	Точка 163	596856.3208	624197.7079
Точка 124	598076.7806	626143.6226	Точка 164	596843.1374	624099.4141
Точка 125	598081.7302	626126.9743	Точка 165	596830.0337	624003.5179
Точка 126	598093.3592	626096.5686	Точка 166	596820.7928	623922.9695
Точка 127	598102.1201	626087.2309	Точка 167	596812.0003	623846.3286
Точка 128	598125.5258	626058.3326	Точка 168	596803.7790	623711.8342
Точка 129	598135.7142	626054.4796	Точка 169	596799.5806	623575.2877
Точка 130	598144.2467	626056.0188	Точка 170	596796.4363	623457.1887
Точка 131	598180.3498	626039.8246	Точка 171	596801.4661	623247.9849
Точка 132	598193.6122	626044.4278	Точка 172	596804.2407	623203.3499
Точка 133	598167.6684	625967.3591	Точка 173	596818.3389	622976.5449
Точка 134	598166.1770	625962.9289	Точка 174	596819.4554	622949.1859
Точка 135	598114.2446	625947.7000	Точка 175	596823.9119	622839.9857
Точка 136	598060.4933	625932.0709	Точка 176	596834.9224	622696.9948
Точка 137	597964.6342	625903.8244	Точка 177	596836.0514	622682.3337
Точка 138	597868.8359	625868.0823	Точка 178	596836.7007	622668.0002
Точка 139	597800.6830	625838.9729	Точка 179	596841.7106	622557.4085
Точка 140	597751.8068	625817.5734	Точка 180	596847.2399	622496.1584
Точка 141	597714.4555	625799.9057	Точка 181	596851.1474	622452.8723
Точка 142	597633.7453	625754.5968	Точка 182	596852.2938	622413.7529
Точка 143	597621.3702	625746.3223	Точка 183	596853.3126	622378.9891

Точка 184	596860.9288	622259.3710	Точка 224	596905.8272	620226.1728
Точка 185	596869.2441	622137.3767	Точка 225	596912.9903	620145.1555
Точка 186	596873.0224	622081.9456	Точка 226	596921.2002	620083.4993
Точка 187	596881.3479	621951.2529	Точка 227	596933.2305	620050.3329
Точка 188	596882.4923	621921.3963	Точка 228	596954.7016	620010.2273
Точка 189	596885.6447	621839.1498	Точка 229	596956.7400	620006.4197
Точка 190	596885.5353	621776.6484	Точка 230	596999.4612	619909.8574
Точка 191	596885.3376	621770.0457	Точка 231	597014.6690	619909.2401
Точка 192	596882.1376	621663.1711	Точка 232	597066.6287	619923.8966
Точка 193	596878.6918	621548.0883	Точка 233	597123.1190	619923.9845
Точка 194	596848.4118	621374.7337	Точка 234	597126.7065	619923.9901
Точка 195	596860.6150	621357.4003	Точка 235	597125.0168	619827.8394
Точка 196	596875.0297	621347.9863	Точка 236	597118.3680	619770.2705
Точка 197	596886.8095	621312.4709	Точка 237	597144.7428	619763.9010
Точка 198	596872.3950	621291.2776	Точка 238	597187.5374	619771.2806
Точка 199	596872.3950	621267.5432	Точка 239	597239.7910	619775.3212
Точка 200	596889.5094	621243.4631	Точка 240	597286.9203	619745.4752
Точка 201	596898.2626	621220.6943	Точка 241	597373.7586	619720.8109
Точка 202	596895.3449	621176.4272	Точка 242	597402.3373	619709.0539
Точка 203	596862.3789	621110.8753	Точка 243	597426.7101	619690.3288
Точка 204	596845.8655	621075.1852	Точка 244	597449.9992	619683.9593
Точка 205	596940.7004	621066.2931	Точка 245	597493.0878	619689.9453
Точка 206	596985.5332	621069.8304	Точка 246	597563.4727	619689.7105
Точка 207	597056.0987	621023.9419	Точка 247	597588.6687	619680.5828
Точка 208	597059.4476	621021.7641	Точка 248	597620.7371	619673.3715
Точка 209	597063.5768	621004.9046	Точка 249	597635.2102	619681.8455
Точка 210	597076.3601	620952.7112	Точка 250	597622.7391	619703.7506
Точка 211	597086.0070	620901.0972	Точка 251	597594.1512	619723.4905
Точка 212	597109.4497	620837.1980	Точка 252	597559.7777	619752.2937
Точка 213	597113.7231	620822.3779	Точка 253	597560.9715	619765.3881
Точка 214	597118.2394	620806.7156	Точка 254	597564.1673	619795.3932
Точка 215	597111.0947	620778.5158	Точка 255	597572.0834	619814.6233
Точка 216	597067.9878	620712.2765	Точка 256	597580.4220	619847.2753
Точка 217	597052.9150	620692.1546	Точка 257	597547.1413	619864.4758
Точка 218	597024.2131	620653.8380	Точка 258	597572.3222	619959.8221
Точка 219	596968.1338	620572.3105	Точка 259	597578.4384	620060.8459
Точка 220	596944.2139	620520.5736	Точка 260	597593.1510	620113.0209
Точка 221	596929.0980	620466.9425	Точка 261	597601.2811	620124.8412
Точка 222	596899.0752	620359.5673	Точка 262	597618.2798	620143.3096
Точка 223	596901.3457	620293.4783	Точка 263	597641.9334	620156.6067

Точка 264	597667.8025	620174.3372	Точка 304	598654.8072	620810.0173
Точка 265	597687.0201	620189.1121	Точка 305	598666.5987	620826.6753
Точка 266	597697.3673	620216.4462	Точка 306	598671.8884	620835.2054
Точка 267	597709.9317	620245.9961	Точка 307	598688.5471	620830.7346
Точка 268	597724.4701	620259.2867	Точка 308	598724.7297	620804.3306
Точка 269	597742.3949	620279.4408	Точка 309	598761.7204	620830.7346
Точка 270	597752.1039	620304.8214	Точка 310	598731.2315	620872.1692
Точка 271	597778.2429	620356.3271	Точка 311	598729.1928	620906.2990
Точка 272	597798.7157	620375.6187	Точка 312	598796.6725	620909.1424
Точка 273	597820.3811	620455.7368	Точка 313	598756.8181	620956.5681
Точка 274	597837.0436	620527.7909	Точка 314	598784.7812	620994.2837
Точка 275	597871.3806	620610.4198	Точка 315	598784.9728	620996.2673
Точка 276	597926.0224	620581.1612	Точка 316	598793.3297	621001.0187
Точка 277	597959.1168	620557.3829	Точка 317	598821.6481	620998.3201
Точка 278	597992.1451	620509.5922	Точка 318	598820.4208	621061.5057
Точка 279	598006.8372	620494.0428	Точка 319	598754.7411	621073.8894
Точка 280	598025.8509	620460.3537	Точка 320	598722.5073	621096.5241
Точка 281	598041.4901	620427.5481	Точка 321	598701.4038	621113.9865
Точка 282	598069.6926	620440.9496	Точка 322	598685.0941	621129.2696
Точка 283	598075.9291	620447.1031	Точка 323	598689.7409	621145.2542
Точка 284	598090.6291	620454.2706	Точка 324	598659.7479	621271.3819
Точка 285	598107.1324	620463.9024	Точка 325	598592.5288	621251.1552
Точка 286	598097.3176	620505.2004	Точка 326	598582.0377	621247.9983
Точка 287	598116.6791	620527.9091	Точка 327	598531.1086	621435.2569
Точка 288	598138.5001	620563.7171	Точка 328	598489.3817	621494.5963
Точка 289	598156.2061	620608.5631	Точка 329	598491.7079	621582.2606
Точка 290	598166.3171	620660.8191	Точка 330	598541.3772	621579.9475
Точка 291	598172.4028	620699.1072	Точка 331	598592.1104	621575.2557
Точка 292	598209.7701	620775.1781	Точка 332	598630.7762	621578.3836
Точка 293	598240.9861	620837.3061	Точка 333	598664.4875	621594.5408
Точка 294	598290.2481	620907.0501	Точка 334	598695.1108	621620.1583
Точка 295	598362.9391	620865.0231	Точка 335	598731.5756	621675.5467
Точка 296	598383.8661	620867.6621	Точка 336	598815.6530	621658.3926
Точка 297	598396.7714	620845.9677	Точка 337	598891.3850	621642.9411
Точка 298	598408.3896	620839.0266	Точка 338	598898.6121	621674.0727
Точка 299	598440.1148	620828.4245	Точка 339	598919.0152	621720.6572
Точка 300	598544.5855	620751.9969	Точка 340	598962.5981	621717.3298
Точка 301	598587.7672	620748.5234	Точка 341	598964.9726	621745.1566
Точка 302	598599.6406	620765.1694	Точка 342	598948.2931	621801.0828
Точка 303	598651.1879	620801.2603	Точка 343	598940.3695	621827.6506

Точка 344	598964.4332	621813.4838	Точка 384	599740.0137	621228.4510
Точка 345	598978.3559	621805.2873	Точка 385	599750.4858	621219.2101
Точка 346	599015.5341	621815.6149	Точка 386	599756.6469	621210.2774
Точка 347	599069.2944	621808.5884	Точка 387	599767.1219	621196.1078
Точка 348	599113.1312	621824.2951	Точка 388	599780.0607	621178.2424
Точка 349	599170.1993	621863.1480	Точка 389	599795.7718	621168.0783
Точка 350	599220.9652	621863.5678	Точка 390	599813.5470	621168.4636
Точка 351	599227.0511	621863.6181	Точка 391	599822.6230	621174.5132
Точка 352	599271.6746	621805.5561	Точка 392	599851.7725	621207.5092
Точка 353	599304.6420	621817.5637	Точка 393	599860.5716	621222.3578
Точка 354	599351.0089	621819.3692	Точка 394	599902.7428	621295.2325
Точка 355	599357.5889	621814.7074	Точка 395	599937.3196	621281.4380
Точка 356	599398.5808	621785.6651	Точка 396	599952.2731	621263.7361
Точка 357	599429.2918	621770.0165	Точка 397	599983.0738	621266.9442
Точка 358	599438.3231	621702.0061	Точка 398	599995.0220	621281.8131
Точка 359	599443.2437	621646.7414	Точка 399	599989.0664	621316.1598
Точка 360	599483.4623	621589.2752	Точка 400	600005.9966	621357.8748
Точка 361	599490.2157	621576.5509	Точка 401	600025.3675	621347.0470
Точка 362	599506.3546	621541.8349	Точка 402	600037.3587	621332.8083
Точка 363	599508.5120	621537.1940	Точка 403	600029.5167	621323.8868
Точка 364	599519.4501	621513.5401	Точка 404	600091.1595	621285.6365
Точка 365	599542.3010	621484.6813	Точка 405	600086.6011	621269.8891
Точка 366	599552.0407	621446.6856	Точка 406	600101.9141	621240.0481
Точка 367	599543.4986	621428.4218	Точка 407	600131.4003	621227.8371
Точка 368	599538.7850	621413.9876	Точка 408	600098.5767	621176.4668
Точка 369	599538.4909	621402.2039	Точка 409	600072.1588	621090.5106
Точка 370	599541.1337	621393.4345	Точка 410	600029.1248	621002.9081
Точка 371	599544.9717	621380.6994	Точка 411	600021.7528	620986.1675
Точка 372	599548.6090	621340.6796	Точка 412	600051.2551	620948.5601
Точка 373	599551.1985	621292.6242	Точка 413	600067.5421	620958.9204
Точка 374	599595.2438	621297.6463	Точка 414	600123.2460	620972.7486
Точка 375	599611.5698	621292.4289	Точка 415	600186.5060	620914.5226
Точка 376	599639.7509	621280.2629	Точка 416	600196.5028	620865.9406
Точка 377	599666.7861	621272.5901	Точка 417	600219.1838	620897.8569
Точка 378	599685.4204	621316.3590	Точка 418	600331.9129	620971.8833
Точка 379	599691.7157	621283.9460	Точка 419	600349.9861	620986.9391
Точка 380	599702.4533	621274.9304	Точка 420	600360.5819	621016.2333
Точка 381	599712.2888	621268.8023	Точка 421	600370.3749	621020.7369
Точка 382	599719.0666	621265.4133	Точка 422	600387.9958	620999.6051
Точка 383	599729.2304	621247.5479	Точка 423	600413.1657	621062.1323

Точка 424	600448.6607	621052.6216	Точка 464	601002.0095	620990.3564
Точка 425	600463.9972	621077.4906	Точка 465	601030.2816	620932.5584
Точка 426	600437.7384	621091.0931	Точка 466	601058.5001	620878.2657
Точка 427	600416.3122	621111.5170	Точка 467	601068.4361	620841.1650
Точка 428	600391.3077	621132.6073	Точка 468	601096.7855	620800.0749
Точка 429	600381.0697	621165.0374	Точка 469	601176.8648	620852.4621
Точка 430	600376.4920	621192.4837	Точка 470	601222.0839	620797.6430
Точка 431	600369.7790	621221.9658	Точка 471	601289.1963	620763.5787
Точка 432	600369.2967	621221.9502	Точка 472	601342.2764	620764.5515
Точка 433	600394.2479	621249.8973	Точка 473	601360.8820	620837.3193
Точка 434	600412.0017	621280.1738	Точка 474	601378.9365	620871.6829
Точка 435	600431.6426	621276.1739	Точка 475	601409.3520	620898.6387
Точка 436	600447.6408	621300.8718	Точка 476	601487.2457	620936.5472
Точка 437	600462.3816	621289.1706	Точка 477	601471.8726	620994.7334
Точка 438	600488.2974	621284.2298	Точка 478	601494.9101	620998.1975
Точка 439	600513.7147	621300.3723	Точка 479	601503.5921	621042.9864
Точка 440	600561.1997	621353.3251	Точка 480	601556.2624	621043.0177
Точка 441	600578.8845	621410.7963	Точка 481	601554.2616	621066.9505
Точка 442	600574.2442	621452.7238	Точка 482	601576.8390	621113.0979
Точка 443	600563.4394	621455.6491	Точка 483	601547.6054	621134.4045
Точка 444	600567.2661	621472.9712	Точка 484	601536.5064	621162.7465
Точка 445	600592.9277	621479.9461	Точка 485	601558.1430	621183.8577
Точка 446	600609.9874	621486.7504	Точка 486	601573.4595	621206.6391
Точка 447	600620.4160	621490.9098	Точка 487	601599.8526	621213.2892
Точка 448	600619.8353	621473.2454	Точка 488	601614.0869	621215.5714
Точка 449	600623.1396	621464.3713	Точка 489	601643.1248	621234.9231
Точка 450	600637.5027	621441.6812	Точка 490	601695.0111	621272.8971
Точка 451	600663.6149	621399.1516	Точка 491	601768.4783	621242.9762
Точка 452	600653.8756	621390.3796	Точка 492	601787.3043	621256.3700
Точка 453	600664.6707	621361.6513	Точка 493	601782.7612	621272.2259
Точка 454	600692.1838	621342.9532	Точка 494	601838.3457	621305.5116
Точка 455	600727.7993	621297.6067	Точка 495	601923.6412	621342.1481
Точка 456	600797.2173	621256.7910	Точка 496	601919.3163	621370.1059
Точка 457	600830.9082	621240.8009	Точка 497	601904.7375	621372.1045
Точка 458	600864.0104	621296.4445	Точка 498	601901.5550	621389.9260
Точка 459	600919.2652	621249.9278	Точка 499	601881.7994	621455.9538
Точка 460	600932.2715	621219.0328	Точка 500	601938.2348	621457.3769
Точка 461	600973.4352	621129.4581	Точка 501	602007.1445	621465.3404
Точка 462	600991.2832	621086.8246	Точка 502	602014.7778	621482.4785
Точка 463	600992.1611	621052.2955	Точка 503	602032.4867	621500.1874

Точка 504	602083.5271	621500.0274	Точка 544	601866.4759	622334.1234
Точка 505	602083.5271	621506.9584	Точка 545	601859.8785	622338.3837
Точка 506	602137.6041	621494.6525	Точка 546	601829.2152	622336.5599
Точка 507	602146.5671	621526.8448	Точка 547	601829.2152	622354.4544
Точка 508	602151.6260	621540.3490	Точка 548	601795.0944	622427.0516
Точка 509	602164.2297	621573.9925	Точка 549	601749.5658	622396.6741
Точка 510	602183.2978	621569.3809	Точка 550	601704.5111	622358.9151
Точка 511	602211.1183	621550.2760	Точка 551	601696.7084	622366.8883
Точка 512	602220.8872	621554.7671	Точка 552	601680.8346	622380.8587
Точка 513	602216.4875	621569.2395	Точка 553	601701.8165	622403.1989
Точка 514	602220.1293	621583.5853	Точка 554	601675.7119	622439.8752
Точка 515	602231.4518	621608.2954	Точка 555	601658.4486	622453.3553
Точка 516	602238.8681	621648.1335	Точка 556	601643.8746	622468.6212
Точка 517	602271.8744	621690.0789	Точка 557	601634.2266	622457.3709
Точка 518	602250.8903	621702.7879	Точка 558	601624.5785	622435.2720
Точка 519	602252.9493	621710.6082	Точка 559	601599.3864	622430.1825
Точка 520	602262.0889	621763.2217	Точка 560	601579.6006	622432.5871
Точка 521	602240.3981	621787.4675	Точка 561	601564.9459	622437.5340
Точка 522	602172.1572	621846.9712	Точка 562	601516.3125	622435.6865
Точка 523	602177.7643	621877.6240	Точка 563	601513.8526	622444.9150
Точка 524	602164.2523	621951.1763	Точка 564	601481.4124	622467.1097
Точка 525	602164.1520	621972.1020	Точка 565	601512.7443	622473.3441
Точка 526	602151.9655	622015.0485	Точка 566	601532.2726	622475.2406
Точка 527	602073.4770	622037.4052	Точка 567	601545.9777	622478.4798
Точка 528	602063.8609	622062.0251	Точка 568	601550.3084	622487.0312
Точка 529	602062.8862	622079.4549	Точка 569	601551.5663	622495.9740
Точка 530	602027.8402	622085.0883	Точка 570	601542.2123	622505.3280
Точка 531	601957.2394	622070.9403	Точка 571	601554.1302	622510.6885
Точка 532	601933.8488	622086.6528	Точка 572	601600.5150	622526.7506
Точка 533	601956.4346	622133.7960	Точка 573	601631.5459	622558.7929
Точка 534	601949.1116	622144.2383	Точка 574	601602.1252	622589.3420
Точка 535	601939.5861	622140.2583	Точка 575	601621.2679	622608.9680
Точка 536	601913.7247	622167.2848	Точка 576	601608.2777	622625.9800
Точка 537	601904.2605	622166.9823	Точка 577	601601.4229	622643.6987
Точка 538	601899.3126	622188.8263	Точка 578	601592.6160	622651.6806
Точка 539	601934.7302	622284.2215	Точка 579	601458.0520	622808.9592
Точка 540	601938.7900	622305.8011	Точка 580	601353.8304	622923.8281
Точка 541	601928.3342	622302.4810	Точка 581	601310.6922	622971.3732
Точка 542	601883.6621	622293.4422	Точка 582	601277.6786	622963.8596
Точка 543	601880.4176	622310.4337	Точка 583	601238.3344	622957.3692

Точка 584	601214.0786	622953.7422
Точка 585	601142.7362	622962.8048
Точка 586	601142.2623	622962.8650
Точка 587	601126.1516	622977.1640
Точка 588	601117.7973	622995.8515
Точка 589	601110.7541	623011.6061
Точка 590	601135.9784	623036.6918
Точка 591	601149.1275	623068.7711
Точка 592	601166.4820	623080.1597
Точка 593	601194.9794	623096.7336
Точка 594	601303.1258	623149.6047
Точка 595	601395.1729	623188.1092
Точка 596	601481.5072	623218.3108
Точка 597	601599.9168	623240.1253
Точка 598	601671.0406	623212.4676
Точка 599	601686.9432	623206.2836
Точка 600	601733.7248	623186.0958
Точка 601	601768.9041	623188.1888
Точка 602	601822.5106	623207.0253
Точка 603	601850.2820	623199.7104
Точка 604	601885.7527	623176.0744
Точка 605	601900.5325	623210.7899
Точка 606	601954.1104	623323.4275
Точка 607	601901.6410	623371.0684
Точка 608	602041.4993	623418.5651
Точка 609	602092.6289	623510.4950
Точка 610	602077.5157	623566.5165
Точка 611	602085.7298	623590.2882
Точка 612	602099.2222	623602.1750
Точка 613	602124.6210	623612.9306
Точка 614	602121.0360	623630.2555
Точка 615	602100.4953	623644.1455
Точка 616	602090.3286	623657.8931
Точка 617	602087.2586	623661.3131
Точка 618	602076.1729	623672.8927
Точка 619	602067.0880	623686.5111
Точка 620	602055.3979	623698.7360
Точка 621	602005.9092	623715.6498
Точка 622	601972.3785	623717.7700
Точка 623	601956.8854	623697.4979
Точка 624	601933.2228	623701.7215
Точка 625	601918.2928	623703.1290
Точка 626	601903.0822	623707.3526
Точка 627	601894.9238	623706.5403
Точка 628	601871.9066	623700.7079
Точка 629	601853.4279	623706.2163
Точка 630	601826.1964	623714.9648
Точка 631	601802.0650	623687.0387
Точка 632	601721.4249	623672.5860
Точка 633	601589.9440	623717.1824
Точка 634	601536.6603	623733.1031
Точка 635	601447.0406	623814.1074
Точка 636	601320.9309	623972.9907

ПОВРШИНА	m2	22921287,05	2292,1287 Ха
ОБЕМ	m'	30573,984	30,5740 Км

Планот е усогласен со најновата законска регулатива како што е: Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16) и Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко – плански документации и архитектонско – урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Службен весник на Република Македонија, број 142/15).

2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

При изработка на ГУП Штип 2014-2024 најважни цели при изработката на Планот беа:

- формирање на идентитетот на Градот како целина и на поедини делови,
- ефикасна организација на елементите во просторот, во функција на потребите на граѓаните.
- ефикасна организација на сообраќајот,
- заштита на животната средина,
- Активирање на деловите од градот во кои досега не е спроведуван досегашниот ГУП на Град Штип 1999,
- подигање на квалитет на урбаната инфраструктура,особено во недоволно урбанизираните делови,

а во склад со одредбите на ГУП на Град Штип, позитивната законска и подзаконска регулатива од областа на урбанистичкото планирање и постојната состојба.

2.1 ПОСЕБНИ ПРОЕКЦИИ ОД ОБЛАСТИТЕ

2.1.1 СОЦИО-ПРОСТОРНИ И СОЦИОЛОШКИ ПЕРСПЕКТИВИ НА РАЗВОЈОТ НА ШТИП

Населението е основен влезен параметар при изработката на секој Генерален урбанистички план.

За да се добие податок за бројот на население на крајот од планскиот период направена е анализа на податоците од Државниот завод за статистика во последните 10 години и тие се:

Според податоците порастот на населението по 2005 година и трендот на пораст до граница на планскиот период е прикажан на следниот графикон



Со интерполација со трендлинија за наредните десет години се доаѓа до бројка од околу 49400 жители на крајот на овој период. Меѓутоа ова се бројки кои во предвид го земаат само природниот прираст на населението во Градот Штип. Во градот Штип егзистира и Универзитет Гоце Делчев со приближно 8000 студенти . Голем дел од нив не се од Штип но поголем дел од годината го минуваат во градот . Исто така може да се очекува и развој и експанзија на универзитетот со што и бројот на студенти ќе се наголеми.

Земајќи ги во обзир овие факти вкупниот број на жители на крајот од овој плански период е проценет на **58427** жители кои се земени како појдовна основа за пресметките.

Урбанистичкиот план мора да ги идентификува и вклопи во стартегијата за решавање пред се преку санација, ревитализација или целосно отстранување на оние делови од градот кои опасно го загрозуваат здравјето на луѓето.Тоа особено се однесува во сферата на подобрување на станбените услови.

Приоритет при изградбата на Градот треба да добијат оние делови кои се најзапоставени во досегашниот развој, на кои им недостига по некој важен елемент на урбана комунална инфраструктура или социјална опрема.

Системот на управување мора да обезбеди претпоставки за работа и квалитетен живот. Несомнено, под тоа се мисли на ефикасен транспорт, здрава животна средина, нормално снабдување и десетици други потреби и активности и погодности кои го формираат добриот живот во Градот, а во кој влегуваат и културните потреби, уреденоста на средината, елементи кои не признаваат вештачки создадени граници, виртуелни меги, во рамките на една неделива целина.

Управувањето со Градот претставува развивање на менаџмент кој обезбедува сигурни резулати а во себе вклучува:

- маркетинг;
- операционален менаџмент;
- информационен менаџмент;
- финансиски менаџмент;
- менаџмент со човекови ресурси;

Во суштина концептот за одржлив град претставува интегрален пристап во планирањето и управувањето, со нагласена тенденција на развој на локалната демократија, на граганинот како субјект на реализација на планот.

Центарот на Градот претставува единствено место каде неговите жители може да почувствуваат некое доживување, место богато со содржини каде историјата и културата на еден народ се збиени во нивното најсуштинско значење низ најразлични симболички форми и кои одредуваат дел од сликата на еден народ.

Штип е град со низок степен на етничка измешаност на населението каде не е проблем како да се одржи нивото на толеранција каде луѓето делат еден заеднички простор. За да биде еден град, здрав, здрав за живот на неговите граѓани секако дека треба многу труд, знаење, организација, пожртвуваност, волја, политичка волја. Планот мора да обезбеди гаранција дека тоа што треба да се прави се прави во интерес на мнозинството и долгорочно. Одржливоста на интервенцијата во просторот мора да биде јасно поставена, долгорочно насочена и во интерес на мнозинството. Градот, од субјектите на неговата изградба, најчесто се доживува како механички збир на мноштво неповрзани делови, а не органска целина која би требало да функционира како сложена просторно-физичка и социјална средина. ГУП е идеална прилика многу недоследности од развојот да се вратат на вистинскиот пат.

2.2 СИСТЕМ НА ЦЕНТРИ НА ГРАД ШТИП

Просторниот и комерцијалниот развој на Центрите, зависи од потребата, а пак таа директно се врзува со конзументот и неговиот социолошки аспект, менталитетот, навиките на луѓето итн... Ако зборуваме за метода на проекција на концептот за развој на Центрите сигурно дека зборуваме за оригинални решенија кои потекнуваат од ова поднебје, одговараат на менталитетот, навиките и потребите на овие луѓе. Но, голем придонес во просторниот и комерцијален развој можат да имаат и туѓуте искуства, позитивните светски искуства третирани како идеја, инспирација која ќе поттикнува решенија соодветни за спецификите на нашето поднебје. До таквите резултати методолошки може да се стигне секако преку социолошки студии и истражувања за потребите на луѓето, преку просторни анализи и истражувања на просторните капацитети за намена на Центри, и преку согледување на светски искуства применливи на нашето тло и прифатливи за нашите граѓани. Во теоретска смисла уште еднаш треба да бидат подвлечени принципите на проекција на концептот за просторен и комерцијален развој на Центрите, а тоа се: функција, безбедност, естетика, поврзување и придружни културни содржини.

Имајќи ја во предвид систематизацијата на просторните единици во град Штип има еден главен центар, два центри во населбите „Сењак", „Баби" и планираниот центар во населбата за идно домување „Пребег". Во центрите

се сконцентрирани поголем дел од комерцијалните, деловни и јавни објекти во реонот околу центарот.

Воедно, во оваа прилика треба да се спомене и тоа дека мислењето на граѓанинот може и треба да биде релевантно во формирањето и креирањето на Центрите. Преку анкети, јавни промоции, презентации треба статистички да се извлече оцената на граѓанинот на посточките Центри, преку детални прашалници кои аспекти ги задоволуваат нивните потреби, а кои аспекти не ги задволуваат. Само така, земајќи го предвид судот и мислењето на жителите кои веќе ги ползуваат Центрите може да се стигне до повисоки резултати кои ќе го унапредат развојот на Центрите. Впрочем, граѓанинот како краен корисник на јавниот простор и Центрите треба да се чувствува добро и да го сака јавниот простор. Ваквиот принцип не само што дава резултати во однос на севкупниот клавитет на јавниот простор туку тој на некој начин го доближува граѓанинот до јавниот простор и до градските власти кои со овој гест даваат до знаење дека им е значајно мислењето на жителите. Така со една постапка се добиваат повеќе придобивки: мислење за јавниот простор, комуникација на градските власти со граѓаните, но и можност од ваквото истражување да се создаде културен настан, ивент кој ќе ги привлече жителите.

Проекцијата на комерцијални структури и просторната организација на комерцијалните активности во центрите, се состои во почитувањето на параметри за проектирање на јавен простор од отворен и затворен тип. Основна функција при обмислувањето на јавниот простор е тој да обезбеди услови за негова јавна употреба и да обезбеди доволно простор за сите учесници: станарите и посетителите. Овозможување комфорни места за седење во јавниот простор. (клупи, надѕидоци, подвижни столици, отворени скалишта и сл.). Овие простори за седење треба да се направени на тој начин што ја стимулираат употребата на јавниот простор и истите треба да се видливи со цел да ги поканат оние што го познаваат веќе овој простор но посебно за оние кои што за прв пат се запознаваат со дадениот јавен отворен простор.

Центарот треба да обезбеди услови за одржување и развој на социјалните активности на учесниците во отворениот урбан простор (играње на колективни игри), сончева заштита на отворениот простор и неговите елементи и адекватно осветлување во ноќните часови на разгледуваниот простор.

Присуство на „landmark" и репери во јавниот простор претставуваат јадро со силна карактеристика за привлекувањето на посетителите како и присуство на мобилни и ефемерни ресторани и киосци, од трговски-угостителски и друг јавен карактер. Секоја полова, национална и старосна струкура на население треба да биде комфорна при употребата на овој простор.

Со новопланираната парцелација на Индустриската зона-2, ќе доведе до зголемување на бројот на индустриски објекти за производство, трговија, услужни дејности, а со тоа и до зголемена потрошувачка на ел.енергија. Трендот на пораст на потрошувачката на ел.енергија продолжува, па затоа се планира изградба на нови ТС 10/0,4kV према потребата. Со ова ќе се обезбеди поквалитетна електрична енергија и посигурно напојување.

Со изработката на ДУП на Индустриската зона-2 прикажана е постојната ТС 35/10kV Индустриска; постојните ТС 10/0,4kV; постојните 35kV и 10kV врски, изработени се ел.пресметки за потребниот број на ТС, дадено е идејно решение за нови ТС со нивни локациии и кабловско поврзување на истите.

Со ГУП на град Штип е предвидено сегашната ТС 110/35/10kV Штип 1 да премине во ТС 400/110kV за поврзување со електроенергетскиот систем на Р.Бугарија, а сегашната ТС 35/10kV Индустриска да премине во ТС 110/35/10kV Штип.

За таа цел е предвидено постојниот надземен 35kV ДВ да се дислоцира и каблира со 35kV кабел по трасата со новопредвидениот надземен 110kV далековод према прописите. Затоа во новиот ДУП е предвидено заштитно зеленило по целата должина на коридорот каде ќе поминува новиот 110kV далековод.

Електричните пресметки за одредување на потребниот број на ТС во ДУП за постојните и новопредвидените индустриски објекти се димензионирани према електроенергетските параметри за едновремена снага.

За индустриските објекти во урбаниот модул бр.1 едновремената снага се пресметува према нето површината 19042,04м^2 и параметарот 0,1kW/м^2.

$$П_e = 19042,04 \times 0,1 = 1904,20kW$$

Према тоа објектите ќе се напојуваат од постојната ТС 10/0,4kV Метална со трансформатори со снага од 2x630 kVA, а се предвидува и нова ТС-1 со идејно решение за локација. Во зависност од намената и потребите на новите објекти можна е изградба и на други ТС во сопственост на инвеститорите.

За индустриските објекти во урбаниот модул бр.2 едновремената снага се пресметува према нето површината 27012м^2 и параметарот 0,1kW/м^2.

$П_е = 27012 \times 0,1 = 2701.2kW$

Према тоа објектите ќе се напојуваат од постојната ТС 10/0,4kV Баргала; ТС 10/0,4kV Алумина-1; ТС 10/0,4kV Алумина-2; СТС 10/0,4kV Стококооп; ТС 10/0,4kV Зен со трансформатори со снага од 630 kVA, а се предвидува и нова ТС-2 со идејно решение за локација. Во зависност од намената и потребите на новите објекти можна е изградба и на други ТС во сопственост на инвеститорите.

Високонапонското поврзување на постојните ТС и на идејното решение за новите ТС-1и 2 ќе биде со подземен енергетски 10kV кабел поврзани меѓусебно во ринг за сигурно напојување. Сигурноста односно континуитетот во напојувањето е еден од елементите на квалитетното напојување на потрошувачите со ел. енергија. Пресекот на 10kV кабел и точната траса на полагање ќе се одреди со изработка на Главниот проект за енергетско напојување, нисконапонската развод и улично осветление на ДУП.

Нисконапонскиот развод ќе се води кабловски и надземно на бетонски столбови во зависност од потребната ел.енергија на објектите и теренот.

Улично осветление

Сообраќајници во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа "1" главни сообраќајници
- класа "2" споредни, локални
- класа "3" паркинг простори

За улично осветление ќе се користат светилки поставени на улични столбови према пропишаните прописи и светлотехнички барања за тој вид на сообраќајници. Распоредот на уличните столбови и нивното поврзување ќе се одреди со гореневедениот Главен проект.

Комуникациска инфраструктура

Телефонскиот сообраќај во наредниот период ќе доведе до пораст со изградбата на нови индустриски објекти. Со планот за развој на претпријатието и воведувањето на новите ИСДН линии, АДСЛ, мобилна телефонија ке се овозможи побрза комуникација и пристап до информациите..

Телефонската мрежа за поврзување на тел. приклучоци со тел.централи ќе се изврши во подземна тел. канализација и надземно према потребите, теренот и програмата на надлежното претпријатие за телефонскиот сообраќај.

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према сегашните и идните потреби на корисниците.

Начинот на изведба и поврзување на телефонските приклучоци, треба да биде извршено до најблиската автоматска реонска телефонската централа, а во согласност со АД "Македонски Телекомуникации" - Подружница Штип.

Биланс на површините во планирана состојба на супра и инфраструктурата

Просторот кој е предмет на разработка опфаќа површина од 15,0 ха. Во планот се предвидени следните намени:

(ПП) - производни погони; (КОН) - конфекции; (МАГ) - магацини; (АО) Административни објекти; (У,) - угостителство; (ПЕЧ)- печатница; (ПОР)- портирница; сообраќајни површини; паркинзи; зеленило.

Мерки за заштита

Мерки за заштита од загадување

Просторот што го зафаќа планот е на површина од 15,0 ха и е постојно индустиско јадро.

Бидејќи се работи за металопреработувачка и лесна индустија, загадување од индустриските капацитети нема, освен од технолошките постројки-котларници и плински станици.

Основен загадувач на просторот претставува постоењето на моторен сообраќај .Имајќи ја оваа состојба во предвид, може да се изврши поделба на две основни групи на загадувања со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите:

- аерозагадување и мерки за заштита
- загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- извори на бучава и мерки за заштита

а. Аерозагадување и мерки на заштита

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата и камионите кои се движат по постојните улици и внатре во комплексот.

За подобрување на квалитетот на воздухот во локалитетот, на сите слободни површини предвидени се зелени површини.

б. Загадување на почва и мерки за заштита

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Со тоа ќе се спречи загадување и на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работна средина воопшто.

в. Извори на бучава и мерки на заштита

На локалитетот не се предвидени содржини кои би можеле да бидат извори на штетна бучава.

Мерки за заштита од пожар на објектите

Во објектите предвидени со планот во смисла на мерки на заштита од пожар, одреден број лица вршат некоја дејност редовно или времено и во кои

можат да престојуваат подолго или пократко време и други лица како на пример вработени, посетители, купувачи и други.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 6,0 м. со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законот за заштита на пожар.

Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа е предвиден прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник Ф 80мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ф 80 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку 80 мм. Хидрантите се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150 м. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

На растојание од 2.0 км постои ПП дом, па затоа не е потребно да се предвидува посебна противпожарна станица.

Мерки за заштита од воени разурнувања

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус период.

Заштита од природни непогоди

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од девет степени по MCS скалата, потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

ОСНОВНИ ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

1. Основен, а воедно и доминантен вид на градба во работната зона се погоните за индустриско производство, од јавните објекти администрација но во функција на производните погони.
2. Параметрите во однос на процентот на изграденост, како и на коефициентот на искористување на земјиштето се во рамките на предвидените со Правилникот и се дадени во табелата во синтезниот графички прилог за секоја парцела одделно.

3. Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките, и другите микролокациски услови, треба да води сметка за специфичностите на прирачните градежни материјали и традиционалните вредности и културата во градењето. Покрај императивните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот. Максималните висини на предвидените објекти се дадени поодделно за секој објект.

4. Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот.

5. Висината на кровот во целост отстапува од максималната или дозволената висина на изградба. Таа се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во должни метри. Од висината на слемето отстапуваат само линијските вертикални технолошки инсталации.

6. Покрај производните погони предвидени се и објекти од угостителство како составен дел на потребите за работната зона, а се според важечките нормативи и правилници.

7. Потребите за стационарен сообраќај (паркирање) ќе се решаваат на веќе изградениот јавен паркинг-простор за таа намена надвор од границите на поранешна "Метална" и новопредвидениот паркинг-простор паралелно со бул. "Гоце Делчев" како паркирање надвор од парцела за модул 1; останатиот дел потребни места за паркирање во модул 1 ќе се решаваат во сопствена парцела особено пред административните објекти према потребите и одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот ("Сл.весник. на РМ", бр. 02/02 и 50/03). Во модул 2 за паркирање надвор

од парцелата е предвидена паралелна сервисна улица со бул. "Гоце Делчев", а останатото потребно паркирање да биде решено внатре во парцелите. Услов што треба да биде исполнет при издавање на одобрение за изградба е обезбедување на паркирање на потребениот број возила во рамките на парцелата односно објектот.

8. При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикепираните особи особено во делот на достапноста до јавните објекти.

9. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

10. Условите за изградба на сите предвидени објекти треба да содржат и посебни услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнувањето на отпадните води.

11. При оформување на содржините се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, оформување на зеленило при уредувањето на дворните места на јавните објекти и објектите за производство, а во зоната на сообраќајниците линеарното зеленило и другите слободни простори како парковско зеленило.

12. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на урбаниот опфат со посебна заштита со мрежа околу нив заради заштита од разнесување на текстилниот и другиот вид отпад.

13. Локациите на заедничките контејнери мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

Број: 18-2785/2 од 05.06.2024 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 366

ДУП: за дел од индустриска зона, дел од УЕ.53

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Одлука бр: 08-685/1 од 31.01.2019 год.

Намена за градба:

Улица:

КО: Штип-1 **КП:**

ДЛ: **М= 1:** 1000

ИЗВОД ЗА УП.

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:
     - Легенда
     - Табела со нумерички показатели
2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица
   - **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

Изготвил: Соња Ѓеоргиевска

Sonja Gjeorgievska

Digitally signed by Sonja Gjeorgievska
DN: c=MK, o=OPShTINA ShTIP, 2.5.4.97=VATMK-4029005130584, ou=OPShTINA ShTIP:4029005130584, givenName=Sonja, serialNumber=CRT3652429, sn=Gjeorgievska, cn=Sonja Gjeorgievska
Date: 2024.06.05 09:44:44 +02'00'

По овластување од Градоначалник

Раководител на сектор

Лазар Хаџи-Николов

Lazar Hadji Nikolov

Digitally signed by Lazar Hadji Nikolov
Date: 2024.06.06 09:58:00 +01'00'



ГРАНИЦА НА ОПФАТ

ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

РЛ СПОРЕД ГУП ШТИП

РЛ

РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

1

НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

ГЛ

ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА

ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈ

ОСКА НА СООБРАЌАЈНИЦА

ИНФРАСТРУКТУРА

ПОСТОЕН ВОДОВОД

ПЛАНИРАН ВОДОВОД

ПОСТОЈНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

ПЛАНИРАНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

ПЛАНИРАНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

ПОСТОЕН ПОДЗЕМЕН ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ ВОД

ПЛАНИРАН ПОДЗЕМЕН ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ ВОД

ПОСТОЕН СРЕДНОНАПОНСКИ 10KV ДАЛНОВОД

ПОСТОЕН СН ДАЛНОВОД ПЛАНИРАН ДА СЕ ДИСЛОЦИРА

ПОСТОЕН ВИСОКОНАПОНСКИ 35KV ДАЛНОВОД

НОВОПЛАНИРАН ВИСОКОНАПОНСКИ 35 KV ВОД

НОВОПЛАНИРАН СРЕДНОНАПОНСКИ 10 KV ВОД

ПОСТОЈНА ТРАФОСТАНИЦА

ПОСТОЈНА ТРАФОСТАНИЦА ПЛАНИРАНА ДА СЕ ДИСЛОЦИРА

СИМБОЛИЧНА ПРЕТСТАВА НА ПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА ЧИЈА ТОЧНА МЕСТОПОЛОЖБА ВО ГП КЕ СЕ УТВРДИ СО ИЗРАБОТКА НА АУП

НАМЕНА

Г2 ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА

Д2 ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО

Е1 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ)

Е2 КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА (БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА)

Е2 КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА (ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВОЗИЛА)

Е2 КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА (ТРАФОСТАНИЦА)

СООБРАЌАЈ

КОЛОВОЗ

ТРОТОАР

РАЗДЕЛНО ЗЕЛЕНИЛО

НАСИП НА ПРУГА

ПОДРАЧЈЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ПОНАТАМОШНА РАЗРАБОТКА СО ПРОЕКТИ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

	Нумерација на градежна парцела	Група на класи на намена	Основна класа на намена	Компатибилни класи на намена на основната класа на намена	Висина на хоризонтален венец	Катност	Површина на градежна парцела (m²)	Површина за градење на повеќе градби (m²)	Површина за градба (m²)	Бруто развиена површина (m²)	Процент на изграденост (%)	Коефициент на искористеност
	1	Е	Е2	БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА	9,50 m	согласно технолошките потреби	1393 m²	79 m²	79 m²	159 m²	5,69%	0,11
	2	Г	Г2	Б1, Б2, Г3, Г4, Д2 (max 30%) Б4 (max 10%) Вкупно max 49%	10,50 m	согласно технолошките потреби	862 m²	596 m²	596 m²	1192 m²	69,12%	1,38
	3	Г	Г2	Б1, Б2, Г3, Г4, Д2 (max 30%) Б4 (max 10%) Вкупно max 49%	10,50 m	согласно технолошките потреби	930 m²	788 m²	650 m²	1300 m²	69,93%	1,40
	4	Г	Г2	Б1, Б2, Г3, Г4, Д2 (max 30%) Б4 (max 10%) Вкупно max 49%	10,50 m	согласно технолошките потреби	861 m²	579 m²	579 m²	1158 m²	67,21%	1,34
	5	Е	Е2	ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВОЗИЛА	10,50 m	согласно технолошките потреби	5050 m²	4044 m²	3283 m²	6565 m²	65,00%	1,30
	6	Е	Е2	БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА	10,50 m	согласно технолошките потреби	3711 m²	2928 m²	2412 m²	4825 m²	65,00%	1,30
	7	Е	Е2	ТРАФОСТАНИЦА		П	42 m²	-	19 m²	19 m²	46,11%	0,46
	Вкупно						**12850 m²**		**7619 m²**	**15218 m²**	**59,29%**	**1,18**

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. ВИД НА ПЛАН, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, ПЛАНСКИ ПЕРИОД, ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ОПШТИНА НА КОЈА ПРИПАЃА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Предмет на договорот е изработка на Детален урбанистички план Дел од Индустриска зона, дел од УЕ 53, Штип, Општина Штип.

Планската документација е изработена во согласност со Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16). Согласно Член 7 и Член 11 пристапено е кон изработка на детален урбанистички план.

Подрачјето на предметниот локалитет е опфатено со Генерален урбанистички план на Град Штип и Измена и дополнување на ГУП од 2010 година. Планскиот опфат зафаќа дел од УЕ 53, согласно поделбата на Урбани единици на Генералниот урбанистички план на Град Штип. Се наоѓа на подрачје на КО Штип 1.

Планскиот период на Деталниот урбанистички план е 2016 – 2021, во склад со одредбите на Член 43 од Законот.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 3,78ha.

Подрачјето на планскиот опфат е на територија на Општина Штип.

Планот е усогласен со најновата законска регулатива како што е: Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16) и Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко – плански документации и архитектонско – урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Службен весник на Република Македонија, број 142/15).

2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Со Генералниот урбанистички план на Град Штип одредена е намената на земјиштето и градбите, при што дефинирана е наменска зона со намена Г2, Г3, Г5 – Лесна индустрија, Сервиси и Бензинска пумпа.

Оттаму, со овој Детален урбанистички план се планираат следните класи на намени:

Г – Производство, дистрибуција и сервиси
Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија

Д – Зеленило и рекреација
Д2 – Заштитно зеленило

Е – Инфраструктура
Е1 – Комунална инфраструктура (Сообраќајни коридори)
Е2 – Комунална супраструктура (Бензинска пумпа)
Е2 – Комунална супраструктура (Технички преглед на возила)
Е2 – Комунална супраструктура (Трафостаница)

а во склад со одредбите на ГУП на Град Штип, позитивната законска и подзаконска регулатива од областа на урбанистичкото планирање и постојната состојба.

Површината на планскиот опфат е делумно изградено земјиште. Со планот се формираат градежни парцели и се предвидуваат површини за градба со намена во согласност со ГУП на Град Штип и состојбата на терен.

Градежните парцели 2, 3 и 4 се планираат со основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија.

Градежната парцела 1 се планира со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструк-тура (Бензинска пумпна станица). Оваа градежна парцела има стекнато право за градење со претходно одобрен Урбанистички проект за Бензинска пумпна станица од 2007 год.

Градежната парцела 6 се планира со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура (Бензинска пумпна станица).

Градежната парцела 5 е планирана со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура (Технички преглед на возила).

Градежната парцела 7 е планирана со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура (Трафостаница).

За градежните парцели 1, 2, 3, 4, 5 и 6 планирани се простори ограничени со градежни линии во кои е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби, кои ќе се определат преку изработка на архитектонско – урбанистички проект, во склад со одредбите на Член 51 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16).

Планираната сообраќајна мрежа е усогласена со законската регулатива. Предвидени се новопланирани сервисни и индустриски улици преку кои се овозможува пристап до секоја парцела. Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај за сите класи на намени, потребите за паркирање за градежните парцели ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16) како услов за градење при издавање на Одобрението за градење.

Деталниот урбанистички план за овој простор треба да овозможи сообраќајно поврзување до секоја градежна парцела, односно објект.

- Во рамките на опфатот формирани се 7 градежни парцели.
- Бруто максималната развиена површина на ниво на плански опфат е 16408m².
- Просечен процент на изграденост изнесува 51,20%.
- Просечен коефициент на искористеност изнесува 1,01.

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Со Деталниот урбанистички план Дел од Индустриска зона, дел од УЕ 53, Штип Општина Штип, со плански период 2016 – 2021, на предметниот локалитет се предвидуваат зони со класа на намена:

Г – ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ

Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија

Д – ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

Д2 – Заштитно зеленило

Е – ИНФРАСТРУКТУРА

Е1 – Комунална инфраструктура (Сообраќајни коридори)
Е2 – Комунална супраструктура (Бензинска пумпа)
Е2 – Комунална супраструктура (Технички преглед на возила)
Е2 – Комунална супраструктура (Трафостаница)

Предвидениот концепт се надоврзува на намените што ги предвидуваат важечките плански документации – Генералниот урбанистички план на Град Штип и Измената и дополнувањето на ГУП од 2010 година и Деталниот урбанистички план за Индустриска зона од 2001 година, како и состојбата на терен.

Планирани се градежни линии и површини за градење на повеќе градби во склад со членовите 34 – 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16).

Висините на градбите се во склад со членовите 41 – 48 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16) и се одредени за секоја површина за градба - градежна парцела поединечно.

За градежните парцели 2, 3 и 4 предвидени се простори ограничени со градежни линии во кои е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби, кои ќе се определат преку изработка на архитектонско – урбанистички проект, во сè во склад со одредбите на Член 51 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16). Планирана основна класа на намена на трите парцели е Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија. Дозволена максимална височина е 10,50m до хоризонталниот венец на градбите. Од оваа височина можно е отстапување за градба на оџаци, вентилациони канали и сите видови на техничко – технолошки инсталации, односно сите видови на архитектонски елементи и инсталации со кои не се оформува затворен корисен простор над котата на горниот хоризонтален венец на градбите, а чија што височина ќе се одреди при изработка на архитектонско – урбанистички проект во согласност со потребите на техничко – технолошкиот процес на производство. За овие градежни парцели потребно е да се изработи архитектонско – урбанистички проект, согласно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16), со одредување на една или повеќе површини за градба во рамките на зададената површина за градење на повеќе

градби, при што висината на сите и развиената бруто површина не смеат да бидат поголеми од максимално утврдените со овој План. За сите три градежни парцели (2, 3 и 4), со архитектонско – урбанистичките проекти неопходно е да се предвиди и градба на трафостаница (или трафостаници) во рамките на сопствената градежна парцела, за задоволување на сопствените електроенергетски потреби. Истата може да се реши и како заедничка за сите три градежни парцели.

За градежната парцела 1 предвиден е простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби, кои ќе се определат преку изработка на архитектонско – урбанистички проект, во сè во склад со одредбите на Член 51 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16). Планирана основна класа на намена на парцелата е Е2 – Комунална супраструктура (Бензинска пумпна станица). Дозволена максимална височина е 9,50m до хоризонталниот венец на градбите. За градежната парцела 1 дополнително е одредена и помошна градежна линија, при што еден дел на просторот ограничен со градежни линии е предвиден за изградба на натстрешница над точечките места за гориво. Во овој дел максимално дозволената височина е 7,50m. За оваа градежна парцела потребно е да се изработи архитектонско – урбанистички проект, согласно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16), со одредување на една или повеќе површини за градба во рамките на зададената површина за градење на повеќе градби, при што висината на сите и развиената бруто површина не смеат да бидат поголеми од максимално утврдените со овој План. Оваа градежна парцела има стекнато право за градење со претходно одобрен Урбанистички проект за Бензинска пумпна станица од 2007 год.

За градежната парцела 6 предвиден е простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби, кои ќе се определат преку изработка на архитектонско – урбанистички проект, во сè во склад со одредбите на Член 51 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16). Планирана основна класа на намена на парцелата е Е2 – Комунална супраструктура (Бензинска пумпна станица). Дозволена максимална височина е 10,50m до хоризонталниот венец на градбите. За оваа градежна парцела потребно е да се изработи архитектонско – урбанистички проект, согласно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16), со одредување на една или повеќе површини за градба во рамките на зададената површина за градење на повеќе градби, при што висината на сите и развиената бруто површина не смеат да бидат поголеми од максимално утврдените со овој План. За оваа градежна парцела (6), со архитектонско – урбанистичкиот проект неопходно е да се предвиди и градба на трафостаница во рамките на сопствената градежна парцела, за задоволување на сопствените електроенергетски потреби.

За градежната парцела 5 предвиден е простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби, кои ќе се определат преку изработка на архитектонско – урбанистички проект, во сè во склад со одредбите на Член 51 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16). Планирана основна класа на намена на парцелата е Е2 – Комунална супраструктура (Технички преглед на возила). Дозволена максимална височина е 10,50m до хоризонталниот венец на градбите. За оваа градежна парцела потребно е да се изработи архитектонско – урбанистички проект, согласно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република

Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16), со одредување на една или повеќе површини за градба во рамките на зададената површина за градење на повеќе градби, при што висината на сите и развиената бруто површина не смеат да бидат поголеми од максимално утврдените со овој План. За оваа градежна парцела (5), со архитектонско – урбанистичкиот проект неопходно е да се предвиди и градба на трафостаница во рамките на сопствената градежна парцела, за задоволување на сопствените електроенергетски потреби (или задржување на постојната во рамките градежната парцела).

За градежните парцели 1, 2, 3, 4, 5 и 6 се предвидува зеленило во склоп на градежната парцела. Процентот на озеленетост во рамките на градежните парцели потребно е да изнесува минимум 15%, за секоја градежна парцела поединечно.

Градежната парцела 7, со основна класа на намена Е2 – Комунална супрраструктура (Трафостаница) е предвидена за градба на трафостаница.

3.1. ЕДИНИЦИ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Планскиот опфат е дефиниран во една целина и се состои од повеќе градежни парцели и градежно земјиште за општа употреба.

Градежните парцели се нумерирани со арапски цифри.

Според оваа нумерација се изработени урбанистички параметри за секоја градежна парцела поединечно на ниво на цел плански опфат и истите се прикажани во синтезниот приказ.

3.2. КЛАСА НА НАМЕНИ

Со Планот се утврдени следните основни класи на намени:

Г – ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ

Г1 – Тешка и загадувачка индустрија
Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија

Д – ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

Д2 – Заштитно зеленило

Е - ИНФРАСТРУКТУРА

Е1 – Комунална инфраструктура (Сообраќајни коридори)
Е2 – Комунална супраструктура (Бензинска пумпна станица)
Е2 – Комунална супраструктура (Технички преглед на возила)
Е2 – Комунална супраструктура (Трафостаница)

Класите на намени се впишани на самата површина за изградба за секоја градежна парцела поединечно.

За сите градби со основна класа на намена **Г2 –** Лесна и незагадувачка индустрија (градежни парцели 2, 3 и 4), предвидени се и алтернативни класи на намена, компатибилни во однос на основната класа на намена и тоа:

Г3 – Сервиси, со максимален процент на застапеност од **30%** во однос на основната класа на намена,
Г4 – Стоваришта, со максимален процент на застапеност од **30%** во однос на основната класа на намена,
Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, со максимален процент на застапеност од **30%** во однос на основната класа на намена,
Б2 – Големи трговски единици, со максимален процент на застапеност од **30%** во однос на основната класа на намена,
Б4 – Деловни дејности, со максимален процент на застапеност од **10%** во однос на основната класа на намена,
Д2 – Заштитно зеленило, со максимален процент на застапеност од **30%** во однос на основната класа на намена и
Е2 – Комунална супраструктура, со максимален процент на застапеност од **30%** во однос на основната класа на намена.

Максимално дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намена во однос на основната класа на намена е **49%**.

За градежните парцели 1 и 6, планирани со основна класа на намена Е2 **–** Комунална супраструктура (Бензинска пумпна станица), не се планираат алтернативни класи на намена.

За градежната парцела 5, планирана со основна класа на намена Е2 **–** Комунална супраструктура (Технички преглед на возила), не се планираат алтернативни класи на намена.

За градежната парцела 7, планирана со основна класа на намена Е2 **–** Комунална супраструктура (Трафостаница), не се планираат алтернативни класи на намена.

3.3. СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ

Сообраќајниот концепт за локалитетот кој е предмет на изработка на овој ДУП е поставен врз основа на ГУП на Град Штип, постојните и соседните Детални урбанистички планови, како и постојната состојба и урбанистичкиот концепт.

Од ГУП на Град Штип се преземени е трасите и сообраќајните профили на 2 улици кои се дел од примарната сообраќајна мрежа на Град Штип и тоа:

- **Градска магистрална улица „ГМ-а" – Бул. „Гоце Делчев"** (Пресек 1), со вкупен профил од 45,0m, односно 2×10,5m коловози (со по 3 ленти во правец, односно 3×3,5m), 2×2,5m велосипедски патеки од двете страни на улицата, 2×3,0m разделно зеленило од двете страни на улицата, 2×4,0m тротоари од двете страни на улицата и 5,0m разделно зеленило меѓу коловозите и
- **Градска магистрална улица „ГМ-б" – Бул. „Железничка"** (Пресек 2), со вкупен профил од 39,0m, односно 2×7,5m коловози (со по 2 ленти во правец, односно 2×3,75m), 2×2,5m велосипедски патеки од двете страни на улицата, 2×3,0m разделно зеленило од двете страни на улицата, 2×4,0m тротоари од двете страни на улицата и 5,0m разделно зеленило меѓу коловозите.

Со соседниот Детален урбанистички план за Работна зона „Пребег", УЕ 58 од 2011 година, крстосницата помеѓу двете горенаведени градски магистрални улици е решена со кружен тек

на сообраќај, која на лице место е реализирана. Оттаму, и со овој Детален урбанистички план крстосницата е решена со кружен тек на сообраќај.

Како би се обезбедил сообраќаен пристап до секоја градежна парцела, со овој детален урбанистички се планира и една сервисна улици:

- **Сервисна улица „СЕ-а"** (Пресек 3), со вкупен профил од 9,5m, односно 6,5m коловоз (2×3,25m) и 2×1,5m тротоари.

Оваа сервисна улица се надоврзува на сообраќајното решение од постојниот Детален урбанистички план за Индустриска зона од 2001 година, како и соседниот Детален урбанистички план Индустриска зона – 2, дел од УЕ 52 и 53 од 2006 година.

Вкупната површина на опфатот изнесува 3,78ha, од која 1,57ha се јавни сообраќајни површини или 41,44%.

Поради согледаната неусогласеност на сообраќајните решенија од претходно изработените урбанистички планови и проектни документации за подрачјето на планскиот опфат и подрачјата кои граничат со планскиот опфат, за реализација на сообраќајната инфраструктура неопходно е да се изработат Проекти за инфраструктура за Градската магистрална улица „ГМ-а" – Бул. „Гоце Делчев", за Градската магистрална улица „ГМ-б" – Бул. „Железничка", за нивната меѓусебна крстосница со кружен тек на движење и за планираните сервисни улици кои се водат паралелно со бул. „Гоце Делчев".

Комплетна сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална, треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот.

Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај за сите класи на намени, потребите за паркирање ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела, како услов за градење при издавање на одобрение за градење, согласно Член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16).

Пресметката за обезбедување на доволен број на паркинг места се утврдува според следните нормативи:

Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија:

- Потребниот број на паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите на градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена.

Димензионирањето на групните паркиралишта во градежните парцели и градбите се врши на тој начин што на вкупниот број паркинг места се планираат минимум 3% паркинг места за инвалиди. На паркиралишта со помалку од 20 места се предвидува минимум едно паркинг место за инвалиди. Паркинг местата за инвалиди да се димензионираат согласно Член 38 од Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење, престој и работа на лицата со инвалидност до и во градбите (Службен весник на Република Македонија, број 25/10).

При понатамошната разработка на градежните парцели 2, 3 и 4 возможно е и решавање на заедничко паркирање, во склад со одредбите на Член 59, став (3) од Правилникот за

стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16).

3.4. НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ

Со изработка на деталниот урбанистички план, пристапено е кон изработка на нивелациско решение за истиот локалитет. Предмет на изработка на нивелманското решение е изработка на вертикално решение на пристапните сообраќајници.

Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот, како и претходно планираната нивелација со соседниот Детален урбанистички план за Работна зона „Пребег", УЕ 58 од 2011 година.

Во најголема мерка се почитува природниот пад на теренот. Подолжните наклони на сите сообраќајници се движат во границите на дозволените.

3.5. ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Во рамките на планскиот опфат има 3 10/0,4kV трафостаници.

Две од постојните трафостаници се вклопени во планското решени, но една е изведена во заштитниот појас крај железничката пруга и за истата е планирана дислокација.

Во рамките на планскиот опфат планирана е една градежна парцела (ГП 7), со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура (Трафостаница), која ја опфаќа постопјната трафостаница на северозападниот крај на планскиот опфат.

Со оваа постојна трафостаница решено е електроенергетското напојување на градбите од градежната парцела 1.

Втората постојна трафостаница која се вклопува е во рамките на градежната парцела 5. Истата е во приватна сопственост и со неа се задоволуваат електроенергетските потреби на градбите во градежната парцела 5, со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура (Технички преглед на возила).

За останатите градежни парцела (2, 3, 4 и 6), потребно е да се изработи архитектонско – урбанистички проект согласно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16). Услов за овие парцели е изградба на трафостаница или трафостаници во рамките на сопствената парцела со која ќе ги задоволат сопствените електроенергетски потреби.

За градежните парцели 2, 3 и 4 возможно е трафостаницата да се реши и како заедничка за сите три градежни парцели.

Градбите во градежната парцела 6, со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура (Бензинска пумпна станица), во постојна состојба се напојуваат со електрична енергија од трафостаницата поставена во заштитниот појас на железничката пруга и за која е планирана дислокација. Оттаму, за градежната парцела 6 задолжителна е изградба на трафостаница во рамките на градежната парцела, за задоволување на сопствените електроенергетски потреби.

Пресметката за потребната едновремена електроенергетска снага и димензионирањето на потребен број на трафостаници се изврши при изработка на архитектонско – урбанистички проекти.

Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа ќе се определи и ќе се развива во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на урбанистички проекти и идејни и основни проекти за електрична мрежа од страна на стручните служби на ЕВН.

УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Сообраќајници во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа „В-2", споредни, локални
- класа „В", паркинг простори

За овие класи на сообраќајници се препорачуваат следните светлотехнички параметри.

„В-2" (С)

- сјајност на коловозот L_m=1-1,5cd/m²
- средна погонска осветленост E_{sr} = 15-25Lx
- просечна рамномерност jr = 40%
- висина на монтажа на светилките H=8m
- светлосен извор VTFE-250W
- начин на поставување едноредeн

„В" - паркинг простори

- средна погонска осветленост E_{yg} = 10-20Eh
- просечна рамномерност jr = 25%
- висина на монтажа на светилките N= 8(10) (m)
- светлосен извор VTFE - 250W

начин на поставување двореден (едноредeн).

ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Македонски телеком АД Скопје за своите корисници обезбедува широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни телекомуникациски услуги, јавни говорници. Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Корисниците од ова подрачје во телекомуникацискиот сообраќај се приклучени преку телефонската централа во Штип.

Мобилна телефонија- Кориснички компании за мобилна телефонија во Македонија се Македонски телеком и оне.Вип. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,

  - подрачја од јавен интерес (културно - историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.)
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура
- Изготвување на проекти за развој на ГСМ мрежата согласно постојната инфраструктура на теренот
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион е покриен со сигнал на двете компании за мобилна телефонија во РМ.

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе според принципот стан - телефон и за јавните функции бројот на телефонски приклучоци треба да се врши според нивната големина, бројот на вработени, нивната функција и слични критериуми.

Во планскиот опфат има делумно изведена телефонска мрежа. Поврзувањето на телефонски потрошувачи ќе се изведе во склад со развојните програми на Македонски телеком АД Скопје.

Уличните ормари ќе се поставуваат на површините од тротоарите и истите се со димензии од 1,0×0,5m. Бројот на уличните ормари, како и нивната точна диспозиција ќе се утврдат во понатамошните фази, во склад со реалните потреби и развојните програми на Македонски телеком АД Скопје.

3.6. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Во рамките на планскиот опфат постои изведен водовод Ø150 кој се движи крај западната граница на планскиот опфат. Исто така, постои изведен довод на техничка вода до јужниот крај на границата на планскиот опфат.

Планирано е задржување на ова приклучно место на јужниот крај од границата, со можна надградба на профилот.

Потребните количини на вода пресметани се за средно дневна водоснабдителна норма од

$q = 200000$ (l/ден/ha)

Часова потрошувачка на вода ќе биде:

$q_{max/час} = 200000/16\times3600 = 3,47$ (l/sec/ha)

Пресметката е извршена за 16 часовно работно време.

Дневна максимална потрошувачка на вода ќе биде:

$q_{max/ден} = 200000/24\times3600 = 2,31$ (l/sec/ha)

Редуцираната норма ќе биде:

$K = F_{бруто}/F_{нето} = 3,78 / 1,73 = 2,18$

Редуцирана норма за водоснабдување за дневен максимум

$$q_{pmax/ден} = q_{max/ден} / K = 2,31 / 2,18 = 1,06 \text{ (l/sec/ha)}.$$

Редуцирана норма за водоснабдување за часов максимум

$$q_{pmax/час} = q_{max/час} / K = 3,47 / 2,18 = 1,59 \text{ (l/sec/ha)}.$$

Пресметка на максимална дневна потрошувачка на вода

$$Q_{max/ден} = F_{бруто} \times q_{pmax/ден} = 3,78 \times 1,06 = 4,01 \text{ (l/sec)}$$

Пресметка на максимална часова потрошувачка на вода

$$Q_{max/час} = F_{бруто} \times q_{pmax/час} = 3,78 \times 1,59 = 6,01 \text{ (l/sec)}$$

Пресметка на минимална часова потрошувачка на вода

$$Q_{min/час} = 0,16 \times Q_{max/час} = 0,16 \times 6,01 = 0,96 \text{ (l/sec)}$$

Согласно со важечките прописи за заштита од пожар (Правилникот за внатрешна и надворешна хидрантска мрежа), при одредување на потребните количини вода за противпожарна заштита треба да се сметка со едновремена работа на два надворешни и два внатрешни хидранти со :

$$Q_{пож} = 2 \times 5,0 + 2 \times 2,50 = 10,0 + 5,0 = 15,0 \text{ (l/sec)}$$

Според тоа вкупната количина на вода која треба да се обезбеди, изнесува:

$$Q = Q_{max/час} + Q_{пож} = 1,59 + 15,0 = 16,59 \text{ (l/sec)}$$

За оваа количина на вода одговара водоводен приклучок со цевка Ø150mm со следниве карактеристики : брзина на водата V = 1,5 (m/sec) и хидраулички загуби од J=0,013 m/m'.

Внатрешната водоводна мрежа во градежните парцели долж пристапните улици до градбите ќе се реши при изработка на архитектонско – урбанистички проекти.

ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

По однос на канализација се планира изградба на сепаратен систем на канализација т.е. изградба на посебна канализациска мрежа за атмосферски води како и посебна канализациска мрежа за фекална канализација.

При проекција, одделните канализациски системи се усвоени од надморската висина на локалитетот, од положбата во однос на реципиентот и од експозицијата на теренот.

Канализирањето е предвидено да се врши гравитациски.

Со проекцијата на хидротехничката инфраструктура се предвидува генерално решавање на фекалната канализација, која ќе се состои од канали кои што ќе се водат по планираните сообраќајници.

Количината на отпадните води ќе се пресметува како 80% од максималната часова потрошувачка на вода, зголемена за 20% од инфилтрација на подземни води.

$$Q = 0,80 \times 1,59 \times 1,2 = 1,53 \text{ l/sec}$$

За овој проток на вода при минимален пад од 0,5% за канализацијата одговара цевка со профил од Ø125mm. Согласно препораките на комуналните претпријатија, усвоен е профил со Ø300mm, со полнеж од h/d = 0,40 и брзина на водата V = 0,35m/sec.

Планирано е поставување на нови водови на фекалната канализација и надградба на постојните. Канализационата мрежа ќе се состои од канализациски цевки со Ø300mm и армирано - бетонски ревизиони шахти.

Внатрешната мрежа од фекалната канализација во градежните парцели долж пристапните улици до градбите ќе се реши при изработка на архитектонско – урбанистички проекти. Поради специфичноста на дејноста, зафатените води од фекалната канализација пред испуштање во реципиентот задолжително се третираат и треба да се доведат до соодветно ниво на прочистеност, согласно „Уредбата за класификација на водите" (Службен весник на Република Македонија, број 18/99).

АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Проекцијата на атмосферската канализација, предвидува сепаратен канализациски систем за одвод на атмосферски отпадни води, кој ќе се состои од посебни канали, а кои ќе се водат по главните сообраќајници и по сообраќајници за кои постојат услови за канализирање по гравитациски пат.

Атмосферската канализација ќе ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, од површините на улиците и зелените површини.

Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, а во зависност од сливната површина, средниот коефициент на отекување, коефициентот на ретардација (задоцнување) и интензитетот на врнежи, кој за штипската област изнесува i = 85 l/sec/ha.

$$Q = \Sigma F \times i \times \Psi \times \varphi$$

Вкупната сливна површина која гравитира кон атмосферската канализација изнесува:

$$Fa = 3,78ha$$

Средниот коефициент на отекување ќе се пресмета по формулата:

$$\Psi = (F1 \times \Psi1 + F2 \times \Psi2 + F3 \times \Psi3) / \Sigma F$$

$$\Psi = (0,87 \times 0,80 + 1,53 \times 0,15 + 1,38 \times 0,85) / 3,78 = 0,56$$

Каде:

F1 – површини под покриви
F2 – површини со зеленило
F3 – површини под улици и тротоари
Ψ1 – коефициент на отекување од покриви
Ψ2 – коефициент на отекување од зеленило
Ψ3 – коефициент на отекување од улици и тротоари

Коефициентот на ретардација ќе се пресмета по формулата:

$$\varphi = 1 / n\sqrt{\Sigma F} = 1 / 5\sqrt{3,78} = 1 / 1,30 = 0,77$$

при што n = 5 за површини со слаб наклон и со продолжена форма.

Според тоа количината на атмосферска вода за одводнување изнесува:

$$Qa = 3,78 \times 85 \times 0,56 \times 0,77 = 138,54 \text{ l/sec}$$

Усвоено е главната одводна цевка за атмосферска канализација за овој дел да биде Ø400mm со минимален пад од 0,50% и брзина на течење V = 1,35m/sec.

Внатрешната мрежа од атмосферската канализација во градежните парцели долж пристапните улици до градбите ќе се реши при изработка на архитектонско – урбанистички проекти. Поради специфичноста на дејноста, зафатените води од атмосферската канализација пред испуштање во реципиентот задолжително се третираат и треба да се доведат до соодветно ниво на прочистеност, согласно „Уредбата за класификација на водите" (Службен весник на Република Македонија, број 18/99).

4. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛАТА ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

4.1 Одредбите за уредување на просторот и графичките прилози се составен дел на планот и имаат дејство само врз градителската активност која ќе следи по стапување во сила на државната урбанистичка планска документација.

4.2 Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

4.3 Параметрите се применуваат во рамките на утврдената граница на опфатот. Специфичните параметри за уредување на просторот се однесуваат на градежните парцели поединечно.

4.4 Планскиот опфат е дефиниран со еден блок и вкупно седум градежни парцели.

4.5 Со деталниот урбанистички план се одредени:

- регулациони линии
- граници на градежни парцели
- простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби
- намена на земјиштето и градбите

4.6 Во деталниот урбанистички план предвидени се следните класи на намени:

Г – Производство, дистрибуција и сервиси

Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија

Д – Зеленило и рекреација

Д2 – Заштитно зеленило

Е – Инфраструктура

Е1 – Комунална инфраструктура (Сообраќајни коридори)

Е2 – Комунална супраструктура (Бензинска пумпа)

Е2 – Комунална супраструктура (Технички преглед на возила)

Е2 – Комунална супраструктура (Трафостаница)

4.7 Градежна линија се исцртува во градежни парцели каде што со планот се утврдуваат услови за идна градба.

4.8 Заради флексибилноста на планот, предвидени се и компатибилни класи на намени во однос на основните класи на намена, дадени во табеларните прикази од нумеричкиот дел и графичките прилози на Планската документација, а сè во склад со одредбите на Член 31 и Член 32, како и табеларниот Прилог – 1 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16).

4.9 Деталниот урбанистички план за овој локалитет треба да овозможи сообраќајно поврзување до секоја планирана градежна парцела.
Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај потребите за паркирање за градежните парцели ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела, со почитување на потребен број паркинг места согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16).

Во согласност со изборот на намената ќе се димензионира во сè пропишано со Правилникот.

- Максимална височина на градење е 10,50m односно кота на горниот венец во однос на заштитниот тротоар.
- Процент на изграденост на ниво на опфат.
- Коефициент на искористеност на земјиштето на ниво на опфат.

4.10 Во една градежна парцела по правило има една површина за градење во која може да се гради само една градба. Комплексните градби составени од повеќе површини за градење во една градежна парцела по правило се уредуваат со архитектонско - урбанистички проект од член 51 од Законот како разработка на површината за градење уредена во урбанистичка документација од повисок ранг.

4.11 Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент. Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешните ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча без надворешните тераси, скали, рампи, патеки и друго.

Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка големина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени катови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број до две децимали. Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни етажи.

4.12 Паркирањето е во рамките на градежна парцела. Потребниот број на паркинг места за секоја градба е според нејзината намена или големина, т.е. ќе се одреди спрема класата на намена, а пропишана со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16).

4.13 Процентот на озеленетост во рамките на градежната парцела претставува однос помеѓу површината на градежно земјиште наменето за зеленило и вкупната површина на градежното земјиште изразено во проценти.

Процентот на озеленетост во рамките на градежните парцели 1, 2, 3, 4, 5 и 6 потребно е да изнесува минимум 15%.

Оваа плански одредби станува составен дел на условите за градење.

4.14 Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

4.15 Отпадните води пред испуштање во реципиентот, треба да се доведат до соодветно ниво на прочистеност, согласно „Уредбата за класификација на водите" (Службен весник на Република Македонија, број 18/99).

4.16 Земајќи ја во предвид намената на земјиштето, можна е појава на опасен – технолошки отпад. За ваквиот отпад задолжително е интегрирано управување, организирано собирање и транспортирање до место наменето за ваков вид на отпад. Загадувачите се должни да ги надоместат трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина и да ги поднесат трошоците за евентуална санација.

4.17 Комуналниот отпад - сметот ќе се одлага во контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат, од каде ѓубрето ќе се евакуира во регионална односно општинска депонија.

4.18 За обезбедување на непречено движење на лицата со инвалидитет, при изработка на проекти за уредување на земјиштето за општа употреба, како и проекти за градбите од градежните парцели, задолжително се применуваат одредбите на Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење, престој и работа на лицата со инвалидност до и во градбите (Службен весник на Република Македонија, број 25/10), одредбите на членовите 109 – 123 од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање (Службен весник на Република Македонија, број 60/12 и 29/15), како и одредбите на членовите 75 – 79 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16).

4.19 Доколку при реализација на Деталниот урбанистички план се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со одредбите на член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Република Македонија, број 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14 и 199/14).

За сѐ што не е регулирано со овие параметри, се применуваат стандардите и нормативите утврдени во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16).

5. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДБИТЕ ЗА СЕКОЈА УРБАНИСТИЧКА ЕДИНИЦА ЗА ПЛАНИРАЊЕ

КЛАСА НА НАМЕНИ:

Во опфатот се планираат градежни парцели со површини за градење со следните основни класи на намени:

Г – ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ

Г1 – Тешка и загадувачка индустрија
Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија

Д – ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

Д2 – Заштитно зеленило

Е - ИНФРАСТРУКТУРА

Е1 – Комунална инфраструктура (Сообраќајни коридори)
Е2 – Комунална супраструктура (Бензинска пумпна станица)
Е2 – Комунална супраструктура (Технички преглед на возила)
Е2 – Комунална супраструктура (Трафостаница)

Класите на намени се впишани на самата површина за изградба за секоја градежна парцела поединечно.

За сите градби со основна класа на намена **Г2 –** Лесна и незагадувачка индустрија (градежни парцели 2, 3 и 4), предвидени се и компатибилни класи на намена во однос на основната класа на намена и тоа:

Г3 – Сервиси, со максимален процент на застапеност од **30%** во однос на основната класа на намена,
Г4 – Стоваришта, со максимален процент на застапеност од **30%** во однос на основната класа на намена,
Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, со максимален процент на застапеност од **30%** во однос на основната класа на намена,
Б2 – Големи трговски единици, со максимален процент на застапеност од **30%** во однос на основната класа на намена,
Б4 – Деловни дејности, со максимален процент на застапеност од **10%** во однос на основната класа на намена,
Д2 – Заштитно зеленило, со максимален процент на застапеност од **30%** во однос на основната класа на намена и
Е2 – Комунална супраструктура, со максимален процент на застапеност од **30%** во однос на основната класа на намена.

Максимално дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намена во однос на основната класа на намена е **49%**.

За градежните парцели 1 и 6, планирани со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура (Бензинска пумпна станица), не се планираат компатибилни класи на намена.

За градежната парцела 5, планирана со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура (Технички преглед на возила), не се планираат компатибилни класи на намена.

За градежната парцела 7, планирана со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура (Трафостаница), не се планираат компатибилни класи на намена.

ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ:

Во рамките на блокот дефинирани се 7 градежни парцели. При формирањето во најголема можна мерка се почитувани границите на постојните катастарски парцели, односно сопственичката структура на земјиштето и градбите, но и границите на наменските зони планирани со Генералниот урбанистички план на Град Штип.

Градежната парцела 1, со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура (Бензинска пумпна станица), е формирана со зафаќање на КП1305/8, КО Штип 1, Општина Штип.

Градежната парцела 2, со основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија, е формирана со зафаќање на КП1305/2, КО Штип 1, Општина Штип.

Градежната парцела 3, со основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија, е формирана со зафаќање на КП1305/9, КО Штип 1, Општина Штип.

Градежната парцела 4, со основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија, е формирана со зафаќање на КП1305/10, КО Штип 1, Општина Штип.

Градежната парцела 5, со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура (Технички преглед на возила), е формирана со зафаќање на КП1305/4, КП1305/5, КП1305/6, КП1305/7 и КП1305/11, КО Штип 1, Општина Штип.

Градежната парцела 6, со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура (Бензинска пумпна станица), е формирана со зафаќање на КП1314/7, КО Штип 1, Општина Штип.

Градежната парцела 7, со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура (Трафостаница), е формирана со зафаќање на дел од КП1305/8, КО Штип 1, Општина Штип.

ПРИРОДА НА ЗАФАТ:

За градежната парцела 1 предвиден е простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби, кои ќе се определат преку изработка на архитектонско – урбанистички проект, во сè во склад со одредбите на Член 51 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16). Планирана основна класа на намена на парцелата е Е2 – Комунална супраструктура (Бензинска пумпна станица). Дозволена максимална височина е 9,50m до хоризонталниот венец на градбите. За градежната парцела 1 дополнително е одредена и помошна градежна линија, при што еден дел на просторот

ограничен со градежни линии е предвиден за изградба на натстрешница над точечките места за гориво. Во овој дел максимално дозволената височина е 7,50m. За оваа градежна парцела потребно е да се изработи архитектонско – урбанистички проект, согласно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16), со одредување на една или повеќе површини за градба во рамките на зададената површина за градење на повеќе градби, при што висината на сите и развиената бруто површина не смеат да бидат поголеми од максимално утврдените со овој План. Оваа градежна парцела има стекнато право за градење со претходно одобрен Урбанистички проект за Бензинска пумпна станица од 2007 год..

За градежните парцели 2, 3 и 4 предвидени се простори ограничени со градежни линии во кои е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби, кои ќе се определат преку изработка на архитектонско – урбанистички проект, во сè во склад со одредбите на Член 51 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16). Планирана основна класа на намена на трите парцели е Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија. Дозволена максимална височина е 10,50m до хоризонталниот венец на градбите. Од оваа височина можно е отстапување за градба на оџаци, вентилациони канали и сите видови на техничко – технолошки инсталации, односно сите видови на архитектонски елементи и инсталации со кои не се оформува затворен корисен простор над котата на горниот хоризонтален венец на градбите, а чија што височина ќе се одреди при изработка на архитектонско – урбанистички проект во согласност со потребите на техничко – технолошкиот процес на производство. За овие градежни парцели потребно е да се изработи архитектонско – урбанистички проект, согласно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16), со одредување на една или повеќе површини за градба во рамките на зададената површина за градење на повеќе градби, при што висината на сите и развиената бруто површина не смеат да бидат поголеми од максимално утврдените со овој План. За сите три градежни парцели (2, 3 и 4), со архитектонско – урбанистичките проекти неопходно е да се предвиди и градба на трафостаница (или трафостаници) во рамките на сопствената градежна парцела, за задоволување на сопствените електроенергетски потреби. Истата може да се реши и како заедничка за сите три градежни парцели.

За градежната парцела 5 предвиден е простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби, кои ќе се определат преку изработка на архитектонско – урбанистички проект, во сè во склад со одредбите на Член 51 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16). Планирана основна класа на намена на парцелата е Е2 – Комунална супраструктура (Технички преглед на возила). Дозволена максимална височина е 10,50m до хоризонталниот венец на градбите. За оваа градежна парцела потребно е да се изработи архитектонско – урбанистички проект, согласно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16), со одредување на една или повеќе површини за градба во рамките на зададената површина за градење на повеќе градби, при што висината на сите и развиената бруто површина не смеат да бидат поголеми од максимално утврдените со овој План. За оваа градежна парцела (5), со архитектонско – урбанистичкиот проект неопходно е да се предвиди и градба на трафостаница во рамките на сопствената градежна парцела, за задоволување на сопствените електроенергетски потреби (или задржување на постојната во рамките градежната парцела).

За градежната парцела 6 предвиден е простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби, кои ќе се определат преку изработка на архитектонско – урбанистички проект, во сè во склад со одредбите на Член 51 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16). Планирана основна класа на намена на парцелата е Е2 – Комунална супраструктура (Бензинска пумпна станица). Дозволена максимална височина е 10,50m до хоризонталниот венец на градбите. За оваа градежна парцела потребно е да се изработи архитектонско – урбанистички проект, согласно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16), со одредување на една или повеќе површини за градба во рамките на зададената површина за градење на повеќе градби, при што висината на сите и развиената бруто површина не смеат да бидат поголеми од максимално утврдените со овој План. За оваа градежна парцела (6), со архитектонско – урбанистичкиот проект неопходно е да се предвиди и градба на трафостаница во рамките на сопствената градежна парцела, за задоволување на сопствените електроенергетски потреби.

Градежната парцела 7, со основна класа на намена Е2 – Комунална супрраструктура (Трафостаница) е предвидена за градба на трафостаница.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИНФРАСТРУКТУРНИ СИСТЕМИ

СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

Поради согледаната неусогласеност на сообраќајните решенија од претходно изработените урбанистички планови и проектни документации за подрачјето на планскиот опфат и подрачјата кои граничат со планскиот опфат, за реализација на сообраќајната инфраструктура неопходно е да се изработат Проекти за инфраструктура за Градската магистрална улица „ГМ-а" – Бул. „Гоце Делчев", за Градската магистрална улица „ГМ-б" – Бул. „Железничка", за нивната меѓусебна крстосница со кружен тек на движење и за планираните сервисни улици кои се водат паралелно со бул. „Гоце Делчев".

ХИДРИТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

При понатамошна разработка, со архитектонско – урбанистичкиот проект треба да се предвидат и приклучоци за водовод, фекална канализација како и атмосферска канализација.

Отпадните води пред испуштање во реципиентот, треба да се доведат до соодветно ниво на прочистеност, согласно „Уредбата за класификација на водите" (Службен весник на Република Македонија, број 18/99). Ова ќе се постигне со изведба на една или повеќе пречистителни станици, во рамки на градежните парцели, која може да биде и заедничка за сите градежни парцели (1, 2, 3, 4, 5 и 6).

ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

За градежните парцели 2, 3, 4, 5 и 6, со архитектонско – урбанистичките проекти неопходно е да се предвиди и градба на трафостаница (или трафостаници) во рамките на сопствената градежна парцела, за задоволување на сопствените електроенергетски потреби. За градежните парцели 2, 3 и 4 истата може да се реши и како заедничка за сите три градежни парцели.

ЗЕЛЕНИЛО:

За градежните парцели 1, 2, 3, 4, 5 и 6 се предвидува зеленило во склоп на градежната парцела. Процентот на озеленетост во рамките на градежните парцели потребно е да изнесува минимум 20%, за секоја градежна парцела поединечно.

СООБРАЌАЕН ПРИСТАП:

Сообраќајниот пристап до градежните парцели 1, 2, 3, 4, 5 и 6 е обезбеден од планираната Сервисна улица „СЕ-а".

ПАРКИРАЊЕ:

Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај за сите класи на намени, потребите за паркирање ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела, како услов за градење при издавање на одобрение за градење, согласно Член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16).

Пресметката за обезбедување на доволен број на паркинг места се утврдува според следните нормативи:

Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија:

- Потребниот број на паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите на градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена.

Димензионирањето на групните паркиралишта во градежните парцели и градбите се врши на тој начин што на вкупниот број паркинг места се планираат минимум 3% паркинг места за инвалиди. На паркиралишта со помалку од 20 места се предвидува минимум едно паркинг место за инвалиди. Паркинг местата за инвалиди да се димензионираат согласно Член 38 од Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење, престој и работа на лицата со инвалидност до и во градбите (Службен весник на Република Македонија, број 25/10).

При понатамошната разработка на градежните парцели 2, 3 и 4 возможно е и решавање на заедничко паркирање, во склад со одредбите на Член 59, став (3) од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16).

	Нумерација на градежна парцела	Група на класи на намена	Основна класа на намена	Компатибилни класи на намена на основната класа на намена	Висина на хоризонтален венец	Катност	Површина на градежна парцела (m²)	Површина за градење на повеќе градби (m²)	Површина за градба (m²)	Бруто развиена површина (m²)	Процент на изграденост (%)	Коефициент на искористеност
	1	Е	Е2	БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА	9,50 m	согласно технолошките потреби	1393 m²	79 m²	79 m²	159 m²	5,69%	0,11
	2	Г	Г2	Б1, Б2, Г3, Г4, Д2 (max 30%) Б4 (max 10%) Вкупно max 49%	10,50 m	согласно технолошките потреби	862 m²	596 m²	596 m²	1192 m²	69,12%	1,38
	3	Г	Г2	Б1, Б2, Г3, Г4, Д2 (max 30%) Б4 (max 10%) Вкупно max 49%	10,50 m	согласно технолошките потреби	930 m²	650 m²	650 m²	1300 m²	69,93%	1,40
	4	Г	Г2	Б1, Б2, Г3, Г4, Д2 (max 30%) Б4 (max 10%) Вкупно max 49%	10,50 m	согласно технолошките потреби	861 m²	579 m²	579 m²	1158 m²	67,21%	1,34
	5	Е	Е2	ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВОЗИЛА	10,50 m	согласно технолошките потреби	5050 m²	4044 m²	3283 m²	6565 m²	65,00%	1,30
	6	Е	Е2	БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА	10,50 m	согласно технолошките потреби	3711 m²	2928 m²	2412 m²	4825 m²	65,00%	1,30
	7	Е	Е2	ТРАФОСТАНИЦА		П	42 m²	-	19 m²	19 m²	46,11%	0,46
	Вкупно						**12850 m²**		**7619 m²**	**15218 m²**	**59,29%**	**1,18**

6. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

6.1. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА

6.1.1. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ

Во моментов присуството на загадувачки материи и приземниот озон во воздухот во штипскиот регион, во чиј состав спаѓа и предметната локација, е под максимално дозволените концентрации согласно мерењата кои се вршат во Мониторинг станицата за мерење на квалитетот на амбиентниот воздух на Државниот автоматски мониторинг систем од Македонскиот информативен центар за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. Сепак, микролокациски, на територијата на Општина Штип нема мерни станици за мониторинг на квалитетот на воздухот.

Се препорачува да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии. Зелените површини во планскиот опфат да се уредат со автохтони видови со висок биоакумулативен капацитет за евентуално присутните загадувачки материи во воздухот и почвата.

6.1.2. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КВАЛИТЕТОТ НА ПОЧВАТА

Контаминацијата на почвата со тешки метали, предизвикана од антропогените активности зазема доминантно место во урбанизираниот дел на општината. Контаминацијата на почвата со природно потекло е далеку послабо застапена и има минорно квантитативно значење.

Традиционалните метода за третман на контаминираните локалитети со тешки метали (измивање на контаминентите, нивна солидификација и друго) може да бидат направени in-situ, на самата локација, или ex-situ, преку отстранување на почвата и спроведување на третманот на друга локација.

Фиторемедијацијата е најповолна метода за отстранување, деградација или апсорбција на тешките метали во почвата преку правилен избор на растенија, хиперакумулатори, на контаминираната површина. Најпримењувани механизми за фиторемедијација се ризофилтрација, фитоекстракција и фитостабилизација.

6.1.3. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД БУЧАВА

Секојдневната изложеност на населението на високо ниво на сообраќајна бучава, карактеристична за урбанизираните подрачја, има сериозен јавно – здравствен ризик и наметнува потреба од контрола на бучавата во раните фази од планирањето и уредувањето на просторот.

Во планскиот период треба да се стават во функција мерни места за следење на бучавата. Како краткорочен приоритет треба да се постави изработката на Програма за работа на државната односно локалните мрежи за мониторинг на бучавата.

Во подрачја покрај магистрални патишта се поставуваат најмалку 10 репрезентативни мерни места кои треба да ја покријат целата зона на сообраќајницата и постојаните извори на бучава.

6.2. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Согласно Законот за одбрана (Службен весник на Република Македонија, број 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 185/11 и 215/15), Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11 и 41/14) и Законот за управување со кризи (Службен весник на Република Македонија, број 29/05, 36/11, 41/14 и 104/15), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Врз основа на член 29 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија,бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11 и 41/14) Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1) при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;
2) во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати,енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко- угостителска дејност и
3) при изградба на објекти и инфраструктура. Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1) изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
2) регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;

3) изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
4) обезбедување на противпожарни пречки;
5) изградба на објекти за заштита и
6) изградба на потребната инфраструктура.

При примена на планските решенија на деталниот урбанистички план, за сè што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11 и 41/14), Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи (Службен весник на Република Македонија, бр. 117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Службен весник на Република Македонија, бр. 76/06) и Уредбите за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари и урнатини (Службен весник на Република Македонија, бр. 8/05).

6.2.1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

На површината на предметниот Детален урбанистички план Дел од Индустриска зона, дел од УЕ 53, Штип, Општина Штип, предвидени се градежни парцели со намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија и Е2 – Комунална супраструктура. При изработка на Основни проекти за градбите, задолжителна е и изработка на Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, во склад со одредбите на Член 70 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11 и 41/14), како и Член 47, став (5) од Законот за градење (Службен весник на Република Македонија, број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15 и 31/16).

При изработка на архитектонско – урбанистичките проекти и основните проекти, сите објекти да се лоцираат така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 3,5m со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0cm и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на противпожарната единица во Штип би изнесувал од 5 до 10 мин.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11 и 41/14). Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир

на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевководи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа да се предвиди прстенест систем на цевководи, со минимален пречник Ø80mm. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ø80mm се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевководи имаат пречник најмалку Ø80mm. Хидрантите да се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150m. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди. Уредите, инсталациите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно Член 70 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11 и 41/14), инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција - пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Одредбата од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

Задолжително е примена на громобранска инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

6.2.2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање превземени се следните мерки:

- најмало растојание од градежната линија до границата на градежната парцела е 5,00m;
- објектите се со кота на венец до 10,50m;
- при рушење објектот ја зафаќа h/3 од површината околу себе, односно руините се целосно во склоп на парцелата;
- сообраќајната мрежа нема да биде оптоварена со руини и ќе има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, и т.н.

Просторот на предметниот плански опфат се наоѓа во зона на VIII° по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси, што наметнува задолжителна примена на нормативно – правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита при изградбата на новите објекти.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

6.2.3. РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

- РХБ извидување на територијата
- дозиметриска контрола
- детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје
- лабораториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

6.2.4. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

6.2.5. ЗАШТИТА ОД НЕЕКСПЛОДИРАНИ УБОЈНИ И ДРУГИ ЕКСПЛОЗИВНИ СРЕДСТВА

Согласно Член 80 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11 и 41/14), заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уредено место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.

Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

6.2.6. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ТЕХНИЧКО - ТЕХНОЛОШКИ НЕСРЕЌИ

На локалитетот има можност од појава на технички несреќи како резултат на намената на просторот Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокаата животна средина потребно е одржување на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси заради одбегнување на технолошките катастрофи, ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти и заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи или последици од пожар и експлозии.

Услови за заштита и спасување од техничко - технолошки несреќи:

- потребно е да се предвидат превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- потребна е замена на халогенираните јагленоводороди како разладни средства и пропеланти, редукција на сегашната емисија на голем број на опасни супстанци и редукција на емисија на бензин, хлорометан, духлоретан, бакар и кадмиум, намалување на емисијата на јаглероден диоксид и сулфур диоксид и дефосфатизирање и денитрифицирање на отпадниот материјал.
- изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

6.2.7. СПАСУВАЊЕ ОД СООБРАЌАЈНИ НЕСРЕЌИ

Постојниот пристап до локалитетот е од Бул. „Гоце Делчев", планиран како градска магистрална улица со Генералниот урбанистички план на Град Штип. Со овој Детален урбанистички план се планира изведна на нова сервисна улица „СЕ-а", со која ќе се обезбеди

сообраќаен пристап до сите градежни парцели. Во рамките на планскиот опфат во понатамошните фази, со изработка на архитектонско – урбанистички проекти, ќе се планира улична мрежа која ќе ги опслужува сите планирани градби. Стационарниот сообраќај е решен согласно Член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16). Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника, која за овој плански опфат во реонот на ЈЗУ Клиничка болница Штип би изнесувал од 5 до 10 мин.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на противпожарната единица во Штип би изнесувал од 5 до 10 мин.

6.2.8. ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош за овој плански опфат во реонот на ЈЗУ Клиничка болница Штип би изнесувал од 5 до 10 мин.

6.2.9. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

Со оглед на конфигурацијата на теренот, можно е настанување на свлекување на земјиштето. Од тие причини, при изработка на проектната документација, задолжително да се изработи елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања, со што ќе може да се предвидат решенија за спречување на свлекувањето на земјиштето.

6.3. МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА БАРИЕРИ ЗА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ

Составен дел на овој Детален урбанистички план се конкретни мерки за создавање на услови за непречено движење на лица со инвалидитет во рамките на планскиот опфат. Ова особено се однесува на уредувањето на земјиштето за општа употреба во рамките на планскиот опфат, а пред сѐ планираната улична мрежа и јавен паркинг.

За обезбедување на непречено движење на лицата со инвалидитет, сите јавни пешачки површини се планирани со континуирана нивелета без скалести денивелации, со најголем подолжен наклон од 4,13%.

При изработка на проекти за уличната мрежа, на секој пешачки премин треба да се предвидат рампи за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот.

Поставувањето на трајна и времена урбана опрема на јавните пешачки површини не смее да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува пешачкиот сообраќај, а особено на лица со инвалидност со колички.

При изработка на проекти за уредување на земјиштето за општа употреба, како и проекти за градбите од градежните парцели 1, 2, 3, 4, 5 и 6, задолжително се применуваат одредбите на Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење, престој и работа на лицата со инвалидност до и во градбите (Службен весник на Република Македонија, број 25/10), одредбите на членовите 109 – 123 од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање (Службен весник на Република Македонија, број 60/12, 29/15 и 32/16), како и одредбите на членовите 75 – 79 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16).

6.4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Во рамките на планскиот опфат нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Сепак, во склад со одредбите на Член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Република Македонија, број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15 и 192/15), ако во текот на изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, изведувачот на работите е должен веднаш, а најдоцна во рок од три дена:

1. Да го пријави откритието во смисла на членот 129 став (2) на овој Законот;
2. Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и
3. Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.

Став (2) од Членот 129 од Законот подробно опишува дека случајното откритие на заштитено добро или на добро за кое основано се претпоставува дека претставува културно наследство се пријавува веднаш и се смета дека е извршено ако пријавата е доставена непосредно на надлежната јавна установа за заштита или до Министерството за внатрешни работи. Доколку пријавата е доставена до Министерството за внатрешни работи, тоа ја доставува пријавата до надлежната јавна установа.

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Планот предвидува урбанизација со почитување на сите законски одредби и нормативи.

- Површината во рамките на опфатот е **3,78ha**.
- Планирани се **7** градежни парцели.
- Вкупна бруто развиена површина е **15218m²**.
- Процентот на изграденост е **59,29%**.
- Коефициентот на искористеност е **1,01**.

Планирани површини по класи на намена

ДУП ДЕЛ ОД УЕ 53 ШТИП, ОПШТИНА ШТИП				
	Г2 - ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА		2653 m²	7,02%
	Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО		10149 m²	26,85%
	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ	14793 m²	39,14%
	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА	ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВОЗИЛА	5050 m²	13,36%
	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА	БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА	5104 m²	13,51%
	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА	ТРАФОСТАНИЦА	42 m²	0,11%
ВКУПНО ЦЕЛ ПЛАНСКИ ОПФАТ			37792 m²	100,00%

ДУП ДЕЛ ОД УЕ 53 ШТИП, ОПШТИНА ШТИП				
	Г - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ		2653 m²	7,02%
	Д - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА		10149 m²	26,85%
	Е - ИНФРАСТРУКТУРА		24990 m²	66,12%
ВКУПНО ЦЕЛ ПЛАНСКИ ОПФАТ			37792 m²	100,00%

Нумерички показатели за градежните парцели

Планирани вкупни етажни површини за градење по намена на градбите, урбанистички параметри како што се процентот на изграденост на земјиштето, коефициент на искористеност на земјиштето, површини на градежните парцели, планираните површини за градење, висините на планираните градби. Табелата ги прикажува урбанистичките параметри на ниво на градежна парцела и на ниво на плански опфат.

Нумерација на градежна парцела	Група на класи на намена	Основна класа на намена	Компатибилни класи на намена на основната класа на намена	Висина на хоризонтален венец	Катност	Површина на градежна парцела (m²)	Површина за градење на повеќе градби (m²)	Површина за градба (m²)	Бруто развиена површина (m²)	Процент на изграденост (%)	Коефициент на искористеност
1	Е	Е2	БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА	9,50 m	согласно технолошките потреби	1393 m²	79 m²	79 m²	159 m²	5,69%	0,11
2	Г	Г2	Б1, Б2, Г3, Г4, Д2 (max 30%) Б4 (max 10%) Вкупно max 49%	10,50 m	согласно технолошките потреби	862 m²	596 m²	596 m²	1192 m²	69,12%	1,38
3	Г	Г2	Б1, Б2, Г3, Г4, Д2 (max 30%) Б4 (max 10%) Вкупно max 49%	10,50 m	согласно технолошките потреби	930 m²	788 m²	650 m²	1300 m²	69,93%	1,40
4	Г	Г2	Б1, Б2, Г3, Г4, Д2 (max 30%) Б4 (max 10%) Вкупно max 49%	10,50 m	согласно технолошките потреби	861 m²	579 m²	579 m²	1158 m²	67,21%	1,34
5	Е	Е2	ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВОЗИЛА	10,50 m	согласно технолошките потреби	5050 m²	4044 m²	3283 m²	6565 m²	65,00%	1,30
6	Е	Е2	БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА	10,50 m	согласно технолошките потреби	3711 m²	2928 m²	2412 m²	4825 m²	65,00%	1,30
7	Е	Е2	ТРАФОСТАНИЦА		П	42 m²	-	19 m²	19 m²	46,11%	0,46
Вкупно						**12850 m²**		**7619 m²**	**15218 m²**	**59,29%**	**1,18**

2. БИЛАНСНИ (СПОРЕДБЕНИ) ПОКАЗАТЕЛИ

Споредбените податоци се земени за постојна состојба и планирана состојба.

ПОСТОЈНА СОСТОЈБА 2016 година

ДУП ДЕЛ ОД УЕ 53 ШТИП, ОПШТИНА ШТИП				
	А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ		823 m²	2,18%
	Б1 - МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ		101 m²	0,27%
	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ	8752 m²	23,16%
	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА	БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА	10528 m²	27,86%
	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА	ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВОЗИЛА	10615 m²	28,09%
	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА	ТРАФОСТАНИЦИ	60 m²	0,16%
	Н3 - НЕОРГАНИЗИРАНО ЗЕМЈИШТЕ		6914 m²	18,29%
ВКУПНО			37792 m²	100,00%

ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА 2016-2021 година

ДУП ДЕЛ ОД УЕ 53 ШТИП, ОПШТИНА ШТИП				
	Г2 - ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА		2653 m²	7,02%
	Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО		10149 m²	26,85%
	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ	14793 m²	39,14%
	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА	ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВОЗИЛА	5050 m²	13,36%
	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА	БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА	5104 m²	13,51%
	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА	ТРАФОСТАНИЦА	42 m²	0,11%
ВКУПНО ЦЕЛ ПЛАНСКИ ОПФАТ			37792 m²	100,00%

3. ПОПРЕЧНИ ПРОФИЛИ НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА





ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- min РЛ СПОРЕД ГУП ШТИП
- ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА
- ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈ
- ОСКА НА СООБРАЌАЈНИЦА

НАМЕНА

